2025
ЈУЛИ— СЕПТЕМВРИ

Год. 101. бр. 3.

Библиски лекции



ТРЕТ ДЕЛ

# ЕВАНГЕЛИЕ СПОРЕД ЈОВАН

Останувајќи во Христос, се утврдуваме во радоста и страдањето за Него.

# Содржина:

САБОТНА ШКОЛА


1. Исус, Симон и Марија ........ 5
2. Триумфално влегување ........ 10
3. Сакаме да Го видиме Исус ........ 15
4. Исус, слуга на слугите ........ 20
5. Патот, Вистината и Животот ........ 26
6. Ветувањето за Светиот Дух ........ 31
7. Исус, вистинската лоза ........ 36
8. Братска љубов ........ 41
9. Мисијата на Светиот Дух ........ 46
10. Христос се моли за учениците (1) ........ 52
11. Христос се моли за учениците (2) ........ 57
12. Христово приведување ........ 62
13. Симон Петар ........ 67


Библиските лекции претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото слово, заснована исклучиво на Библијата и Духот на пророштвото, без дополнителни коментари. Цитатите се што е можно пократки за да се обезбедат концизни и директни одговори. Зборовите во заграда ( ) се додадени поради појасно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на изворните материјали е мошне препорачливо.


Издавач: Seventh Day Adventist Reform Movement General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019-5048, USA

За Македонија: Реформно движење на Адвентистите на седмиот ден Моша Пијаде 85 - 1300 Куманово

Телефон: (+389) 76 466-322

е-маил asdrdmk@gmail.com

Интернет: www. rdasd.mk

Библиски превод: Стандардна библија 2006.

Превод: Часлав Дичевски

Печати: Гераком, Скопје

# Предговор:

Во продолжение на проучувањето на Лекцијата за Евангелието според Јован, започнуваме да се приближуваме кон последните денови од Христовата земна служба. Духот на пророштвото ни вели: „Добро би било, кога секој ден би поминувале еден час во размислување за Христовиот живот. Треба да размислуваме за секој миг од Тој живот, за во мислите да го оживееме секој настан, а посебно завршните настани. Додека размислуваме за Неговата голема жртва поднесена заради нас, нашата доверба во Него ќе биде попостојана, нашата љубов ќе зајакнува, а неговиот Дух сè подлабоко ќе не исполнува. Ако сакаме на крај да бидеме спасени, мораме да ја научиме поуката за покајанието и за понизноста во подножјето на крстот.“ — *Копнежот на вековите, 83.*

Апостолот ни зборува дека вистинскиот Логос бил самиот Исус Христос, воплотениот израз на божествената мудрост, божествената волја и божествената сила, преку кого патот на спасението е отворен и откриен за сите луѓе. За Христос се зборува како за Творецот на сè, како за изворот на животот, светлината на светот, живото откровение на умот на Отецот. Јован ни ја открива и Божјата волја „сите да се покајат“ (2. Петрово 3:9) преку делото на Светиот Дух, а потоа нè води во Гетсиманија, каде што се решаваше судбината на човечкиот род.

Изгледа дека една од главните цели на оваа книга е да им помогне на христијанските верници кои биле раселени, кои немале лична врска со Исус, или кои впивале незнабожечки верувања, да го запознаат вистинскиот Логос, вистинската Светлина. Друга важна цел на Јовановото писмо била да ги подготви христијаните за одредени опасности што ѝ се заканувале на црквата на крајот од векот, кога првобитната побожност исчезнувала (Откровение 2:4), а љубовта кон светот заземала место меѓу Божјиот народ (1. Јованово 2:15). Ереси како гностицизмот се ширеле меѓу стадото. Гностицизмот тврдел дека Христос всушност не бил воплотен во човечката природа. Гностиците тврделе дека луѓето всушност не Го виделе Христос, туку она што го виделе било само привид. Затоа вистината откриена во Јован 1:14 била особено важна за тоа време. Друга опасност што ѝ се заканувала на црквата било прогонството од страна на римските власти. Нема сомнеж дека Евангелието според Јован било од голема помош за првобитната христијанска црква. Тоа е од голема помош и за Христовите следбеници низ вековите – а исто така и за нас денес. Нека водството на Божјиот Дух биде со учителите и со учениците во продолжението на проучувањето на оваа серија лекции.

*Оддел за Саботна школа на Генералната конференција*

# Дар во првата сабота

Сабота, 5 јули 2025.






## За црквата во  Аруе, Тахити

Островот Тахити се наоѓа во Француска Полинезија, прекуморска територија на Франција што ја сочинуваат 121 остров со вкупна површина од 3418 км$^2$, распространети на повеќе од 2000 км$^2$ во Јужниот Пацифик, и често се поврзуваат со прекрасни тропски и идилични пејзажи.

Од историски аспект, политеистичките верувања на жителите на овие многубројни острови довеле до многу пагански обичаи, вклучувајќи обожување на сонцето, канибализам и обожување на духови. Доаѓањето на христијанството донело промени, со напорите на британските христијански мисионери кои пристигнале на овој остров во 1797 година. Франција подоцна, кон крајот на 19. век, ја колонизирала оваа област. Денес, од околу 279 илјади жители, 54% се протестанти, 38% се католици, а остатокот се следи други верувања.

Веста на реформацијата допре до Француска Полинезија во 1982 година со посетата на братот А. К. Сас. Првите членови, нив 24, беа крстени една година подоцна. Веста за евангелието продолжи да се шири по овие острови и оттогаш се формирани неколку црковни групи.

За жал, сѐ до денес нашата црква во Француска Полинезија нема сопствена црковна зграда, туку нашите браќа се собираат во изнајмени простории или на приватни имоти на членовите. Со Божја милост, во 2013 година, по многу молитви и пост, најдовме земјиште во областа Аруе кое можевме да го купиме, на речиси 20 километри од Папете, Тахити.

Малубројните членови на нашата црква со години правеа пожртвувани напори, готвејќи и продавајќи вегетаријански оброци секоја година за да соберат средства за купување на ова земјиште. И покрај пофалните напори на нашите браќа и сестри кои напорно работеа за да го исплатат земјиштето, постои голема потреба од црковна зграда која ќе помогне за ширење на вистината на ова место во последните денови на земната историја.

Поради таа причина, љубезно апелираме до нашите браќа и сестри ширум светот да ни се придружат во собирањето средства за изградба на зграда во областа Аруе, која ќе служи како месна црква и место каде што би се одржувале семинари и состаноци, како и центар за здравствената работа во главниот град на Француска Полинезија.

Охрабрувачките зборови од 1 Летописи 22:19 и денес одекнуваат до нас: „Станете и изградете светилиште на Господ Бог.“ Нека ве благослови Бог изобилно и нека Неговото дело напредува ширум светот.

*Вашите браќа и сестри од Француска Полинезија*

# Исус, Симон и Марија

„Затоа ти велам: нејзе и се простени многу гревови, зашто покажа многу љубов. А кому му е простено малку, тој мала љубов има“ (Лука 7:47).

**Предлагаме да прочитате:** *Сведоштва за Црквата, том 4, стр. 485–487, 550–552.*

„Исус ги познава околностите во кои се наоѓа секоја душа. Ти можеш да кажеш: „Јас сум грешен, многу грешен”. Можеби и си грешен, но колку си погрешен, толку повеќе ти е потребен Исус. Тој не одбива никого кој му приоѓа со солзи и покајание. Тој никому не му кажува сѐ што би можел да открие, туку ја охрабрува секоја исплашена душа. Со задоволство им простува на сите кои доаѓаат кај Неги заради прошка и обновување.“ — *Копнежот на вековите, 568.*

## 1. ПОСЛЕДНАТА ПОСЕТА НА ВИТАНИЈА — Нед, 29 јуни

**а. Опишете ги околностите што го зафатиле Ерусалим во времето на Христовата посета на Витанија и на кој начин тоа влијаело врз некои од присутните на Симоновата гозба. Јован 11:55-57; Псалм 55:21.**

---

„Симон од Витанија се сметал за Исусов ученик. Тој бил еден од неколкуте фарисеи кои отворено им се придружиле на Христовите следбеници. Тој го признал Исуса за учител и се надевал дека Тој би можел да биде Месијата, но не го прифатил како Спасител. Неговиот карактер не се преобразил, неговите начела останале неизменети.“ – *Копнежот на вековите, 557.*

**б. Кој голем благослов го примил Симон и како ја изразил својата благодарност кон Исус? Лука 7:36.**

---

„Симон бил исцелен од лепра и тоа било она што го привлекло кон Исуса. Тој посакувал да ја покаже својата благодарност и, кога Христос последен пат бил во Витанија, тој подготвил гозба за Спасителот и за Неговите ученици.“ – *Копнежот на вековите, 557.*

**а. Опишете ја скриената, позадинска ситуација што често постои на општествени собири и како тоа се случило и овој пат. Псалм 55:21.**

---

„На оваа гозба биле собрани и многу Евреи. Во тоа време во Ерусалим владеела голема возбуда. Христос и Неговата мисија привлекувале поголемо внимание од било кога порано. Оние што дошле на гозбата внимателно го следеле Неговото движење, а некои од нив тоа го правеле со непријателски поглед.“ – *Копнежот на вековите, 557.*

**б. Опишете го делото што го извршила Марија на Симоновата гозба. Лука 7:37,38; Јован 12:3.**

---

„Марија внимателно го слушала секој збор што Доаѓал од Исусовите усни. Во Својата милост, Исус и ги простил гревовите, го повикал да излезе од гробот нејзиниот сакан брат, па нејзиното срце било полно со благодарност. Слушнала како Исус зборува за Својата блиска смрт, па во Својата длабока љубов и тага сакала да му укаже чест. По цена на голема лична жртва купила сад од алабастер со „миро од нард, многу скапоцено“ со кое сакала да го помаже Неговото тело. Меѓутоа, сега многумина изјавувале дека Тој скоро ќе биде крунисан за цар. Нејзината тага се претворила во радост и таа била желна прва да му оддаде почест на својот Господ. Таа го скршила садот со мирото и го излеала врз Исусовата глава и нозе и потоа, клекнувајќи и плачејќи ги квасела со солзи Неговите нозе, а потоа ги избришала со својата долга распуштена коса.“ – *Копнежот на вековите, 558-559.*

**в. Како гледал Јуда на овој чин? Јован 12:4,5; Матеј 26:8,9.**

---

„(Марија) не сакала да привлекува внимание и нејзината постапка би поминала незабележано, но мирото ја исполнило просторијата со својот мирис, па нејзината постапка била откриена на сите присутни. Јуда кон оваа постапка гледал со големо незадоволство. Наместо да причека и да слушне што ќе каже Христос за тоа, тој почнал да им шепоти за своето негодување на оние што биле во негова близина, префрлувајќи му на Христа што дозволува такво растурање. Неговите подмолни сугестии биле насочени кон тоа да предизвикаат незадоволство.“ – *Копнежот на вековите, 559.*

**а. Зошто Јуда всушност ја критикувал Марија за нејзиното помазување на Христовите нозе? Јован 12:6.**

„Јуда извршувал должност на благајник меѓу учениците, па од нивните мали резерви тајно земал за себе, поради што нивните средства толку се намалиле, што останало многу малку. Тој бил желен да стави во ковчежето сѐ што можел да добие. Од ковчежето често се земало за да им се помогне на сиромашните, а кога се купувало нешто што Јуда сметал дека не е неопходно, тој би рекол: ‘Зошто такво растурање? Зошто таа вредност не се стави во ковчежето што го носам за сиромашните?’ Постапката на Марија била во очигледна спротивност со неговата себичност, па тој се засрамил и според својот обичај настојувал да му припише некоја благородна побуда на својот приговор на нејзиниот дар. Обраќајќи им се на учениците, тој прашал: ‘Зошто ова миро не се продаде за триста гроша и тоа не им се даде на сиромасите? Но ова го кажа не затоа што се грижеше за сиромасите туку затоа што беше крадец, кај кого беше ковчежето и кој го носеше она што се ставаше во него’. Јуда немал срце за сиромашните. Кога мирото на Марија би било продадено и кога парите би дошле во негово владение, сиромашните не би имале никаква корист.“ – *Копнежот на вековите, 559.*

**б. Како гледале учениците на Јуда, а што мислел тој за себе? Јован 13:29.**

„Јуда имал високо мислење за своите раководни способности. Себеси се сметал дека поради своите финансиски способности е далеку супериорен над останатите ученици, наведувајќи ги да го гледаат во таква светлина. Ја стекнал нивната доверба и имал силно влијание врз нив. Тие биле измамени од неговата наводна наклонетост кон сиромашните и неговите лукави навестувања ги навеле со недоверба да гледаат на преданоста на Марија.“ – *Копнежот на вековите, 559,560.*

**в. Објаснете што често ги поттикнува оние што зад грбот на другите мрморат, и на кој начин тоа ги повредува чувствителните души кои се предмет на тие мрморења. Јуда 1:16.**

„Марија ги слушнала зборовите на критика. Нејзиното срце затреперило. Се плашела дека сестра и ќе ја прекори за нејзината екстраваганција. Можеби Учителот ќе помисли дека постапила непромислено. Се подготвувала да се повлече без извинување или правдање.“ – *Копнежот на вековите, 560.*

**а. На кој начин бил погоден Симон од својата фарисејска гордост и од постапката на Марија, и како судел за Исус? Лука 7:39.**

„Домаќинот Симон бил под влијание на Јудиното критикување за дарот на Марија и бил изненаден од Исусовото однесување. Неговата фарисејска гордост била повредена...

Исцелувајќи го Симон од лепра, Христос го спасил да не биде жив мртовец. Сега... Бидејќи Христос дозволил да му се приближи таа жена, бидејќи не ја оттурнал луто од Себе, како суштество чии гревови се премногу големи за да можат да се простат, бидејќи Тој не покажал дека сфатил, дека таа во минатото била во грев Симон паднал во искушение да мисли дека Тој не е пророк.“ – *Копнежот на вековите, 566.*

**б. Какво познавање за тајниот живот на Симон и Марија открил Исус? Лука 7:40-43. Како го укорил Исус Симон и зошто? Лука 7:44-46.**

„(Симон) не знаел дека Божјиот Син мора да постапува на божествен начин со сочувство, нежност и милост. Според Симон, Тој требало да не обрне никакво внимание на покајничката постапка на Марија. Помазувајќи Го Христа со миризливо миро и бакнувајќи Му ги нозете, таа го раздразнила Симоновото нечувствително срце. Сметал дека ако Христос е пророк, би бил во состојба да ги препознае грешниците и да ги укори...

Како што постапил Натан со Давид, така Христос ја дал Својата силна поука во облик на парабола. Тој го префрлил врз Својот домаќин товарот на изговарање пресуда врз себеси. Симон ја навел на грев жената која сега ја презирал. Тој и сторил длабока неправда... Меѓутоа Симон сметал дека е поправеден од Марија, а Исус сакал тој да увиди колкава е всушност голема неговата вина. Тој сакал да му покаже колку неговиот грев е поголем од нејзиниот.“ – *Копнежот на вековите, 566–567.*

**в. Како реагирале Евреите кога Исус рекол дека ѝ се простени гревовите на Марија? Лука 7:48,49. Какво влијание имала Исусовата парабола врз срцето на Симон?**

„Симон почнал да се гледа себеси во нова светлина. Видел што мисли за Марија Оној, Кој бил многу повеќе од пророк. Видел дека Христос, со Своето остро пророчко око ја согледал љубовта и преданоста во нејзиното срце. Тој се засрамил и сфатил дека се наоѓа во присуство на Оној, Кој е неспоредливо повозвишен од него.“ — *Копнежот на вековите, 567.*

## 5. СИМОНОВО ОБРАЌАЊЕ

Чет, 3 јули

**а. Иако исходот ни изгледа неизвесен, зошто сме охрабрени да разговараме отворено со грешници како Симон? Изреки 9:8; Јаков 5:20.**

„Додека Марија била грешница на која и било простено, тој бил грешник чии гревови не биле простени. Строгото правило на правдата што сакал да го примени врз неа го осудило него.

Симон бил трогнат од Исусовата љубезност, бидејќи не го укорил јавно пред гостите. Кон него не се постапувало онака како што сакал тој да се постапува кон Марија. Видел дека Исус не сакал на другите да им укаже на неговата вина, туку сака, изнесувајќи ја вистинската состојба на работите, да влијае на неговиот разум и со сочувство и љубезност да го придобие неговото срце. Строгата осуда би го навела Симона да го стврдне срцето против покајанието, но трпеливиот совет го навел да ја увиди својата грешка. Видел колку многу му должи на својот Господ. Неговата горделивост била понижена, тој се покајал и горделивиот фарисеј станал понизен, самопожртвуван ученик.“ – *Копнежот на вековите, 567,568*.

**б. Што рекол Исус за делото на Марија и какви охрабрувачки зборови ѝ упатил? Матеј 26:12,13; Лука 7:50.**

---

„Марија била сметана за голема грешница, но Христос знаел какви околности влијаеле на нејзиниот живот. Тој можел да ја изгасне секоја искра надеж во нејзината душа, но не го направил тоа. Тој ја подигнал од очајот и пропаста. Седум пати слушнала како ги растерува демоните кои владееле со нејзиното срце и разум. Ги слушнала Неговите силни повици кон Својот Татко за неа. Знаела колку е навредлив гревот за Неговата неизвалкана чистота и победила со помош на Неговата сила“. – *Копнежот на вековите, 568*.

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 4 јули

1. **Во мојот однос со Бога, на кој начин можам да ги негувам подобрите доблести на Марија?**
2. **Кое предупредување треба да го извлечам од Јудиното однесување на гозбата?**
3. **На кој начин можам да ја избегнам замката во која го воделе Симона неговите мисли?**
4. **Кога Христовите зборови на утеха, упатени кон Марија, можат да се применат и на мојот живот?**
5. **Што можам да научам од начинот на кој Исус го уверил Симона за неговата заблуда?**

**САБОТА, 12 ЈУЛИ 2025.** **2 ЛЕКЦИЈА**

# Триумфално влегување

„Кажете и на ќерката Сионова: ете, твојот цар доаѓа кај тебе кроток, качен на магарица со младо магаре“ (Матеј 21:5).

**Предлагаме да прочитате:** *Копнежот на вековите, 558–564*.

„Христос дошол да го спаси Ерусалим со неговите деца, но фарисејската горделивост, лицемерност, љубомора и злоба Го спречиле да ја оствари Својата намера.“ — *Копнежот на вековите, стр. 577.*

## 1. НА МАСЛИНОВАТА ГОРА — Нед, 6 јули

**а. Додека Исус и учениците се приближувале кон Ерусалим, со какви упатства испратил двајца од нив напред? Матеј 21:1-5.**

__________________________________________

__________________________________________

„Со намера јавајќи да влезе во Ерусалим, Исус испратил двајца Свои ученици да му доведат една магарица и осле. При Своето раѓање, Спасителот зависел од гостопримството на туѓинците. Јаслите во кои лежел биле позајмени од друг. Сега, иако добитокот по илјадниците ридови е Негов, Тој зависел од љубезноста на непознат човек, кој требало да му даде животно на кое ќе влезе во Ерусалим како негов Цар.“ — *Копнежот на вековите, 569, 570.*

**б. Опишете што направиле учениците. Матеј 21:6,7.**

__________________________________________

__________________________________________

„Учениците со големо воодушевување ја ставиле својата облека на магарето и го качиле на него својот Учител. Дотогаш, Исус секогаш патувал пеш и затоа учениците се чуделе што сега се согласил да јава. Меѓутоа, надежта на нивното срце била разведрена од радосната мисла дека Тој наскоро ќе влезе во престолнината, да се прогласи за Цар и да ја преземе Својата царска власт.“ — *Копнежот на вековите, 569.*

**а. Што направило мноштвото луѓе кога слушнало дека Исус доаѓа во Ерусалим? Јован 12:12,13.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Попатно, тие ги известувале Исусовите пријатели за своите блескави надежи, така што возбудата толку се раширила, што очекувањата на народот достигнале кулминација." — *Копнежот на вековите, 569.*

**б. Што го поттикнало народот на таа радосна прилика да Го прославува Исус како Месија? Захарија 9:9; Јован 12:14, 15.**

____________________________________________________________

„Христос се придржувал кон еврејскиот обичај за царско доаѓање. Животното на кое Тој јавал било истото на кое јавале и израелските цареви, и пророштвото велело дека и Месијата така ќе дојде во Своето царство. Кога се качил на магарето, низ воздухот се разнел гласен победоносен извик. Мноштвото го поздравувало како Месија, нивниот Цар. Исус тогаш го примил поклонението кое никогаш дотогаш не го дозволил, а учениците тоа го сметале како доказ дека нивните радосни надежи ќе бидат остварени со тоа што Тој ќе седне на престолот." — *Копнежот на вековите, 570.*

**в. Како народот, копнеејќи по избавување, со радост ги повторувал зборовите на псалмистот? Матеј 21:9; Псалм 118:26.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Мноштвото било уверено дека е близу моментот на нивното ослободување. Во својата фантазија, луѓето веќе гледале како римските армии се протерани од Ерусалим и како Израел уште еднаш станува независна нација. Сите биле среќни и возбудени; луѓето се натпреварувале кој ќе Му укаже поголема чест. Тие не можеле да му пружат надворешен раскош и елеганција, но Го обожавале во своите среќни срца. Не биле во можност да Му даруваат скапи подароци, но ги постилале на патот своите облеки како килим и го опсипувале патот со маслинови и палмови гранчиња. Не можеле да одат пред триумфалната поворка со царски знамиња, туку сечеле широки палмови гранки природен симбол на победа и мавтале со нив заедно со нивните гласни извици и повици на пофалба." — *Копнежот на вековите, 570.*

**а. Како реагирале некои од фарисеите кога луѓето Му оддавале пофалби на Христос? Јован 12:19; Лука 19:39.**

---

„Многумина од фарисеите биле сведоци на сцената и горејќи од завист и злоба, се обидувале да ги потиснат чувствата на народот. Со сиот свој авторитет се труделе да го замолчат народот, но нивните апели и закани само уште повеќе го зголемувале воодушевувањето. Тие се плашеле дека тоа мноштво, потпирајќи се на својата бројка, ќе го прогласи Исуса за цар. Користејќи го како последно можно средство, тие се пробиле низ мноштвото до Христа и Му се обратиле со зборови на прекор и закана: „Учителу, забрани им на Твоите ученици“. Тие тврделе дека таквата врева е незаконска и дека властите нема да ја толерираат.“ — *Копнежот на вековите, 572.*

**б. Кој одговор им го дал Христос? Лука 19:40.**

---

---

„Самиот Бог ја одредил таа триумфална сцена. Тоа го претскажал пророкот, а човекот бил немоќен да ја спречи Божјата цел. Кога луѓето не би го оствариле Неговиот план, Бог би дал глас на безживотните камења и тие би го поздравиле Неговиот Син со извици на благодарност.“ — *Копнежот на вековите, 572.*

„Како што свештениците и управниците не можат да ја лишат земјата од сјајот на сонцето, така не можат ни да го запрат зрачењето на славата од Сонцето на Правдата. И покрај сето противење, народот го призна царството на Христос.“ — *God's Amazing Grace, p. 47.*

„Делото Божјо секогаш ќе напредува, и покрај сè што луѓето можат да направат со намера да го спречат или урнат.“ — *The Story of Jesus, p. 85.*

**в. На кој начин овој прекрасен излив на радост претставувал исполнување на пророштвото, како што тоа го препознале мнозина од народот? Захарија 9:9.**

---

---

„Додека замолкнатите фарисеи се повлекуваа, зборовите на Захарија беа подигнати од стотици гласови (Цитиран Захарија 9:9).“ — *The Story of Jesus, 572–575.*

**а. Со каква цел Исус дозволил толку голема поворка на денот на Неговото триумфално влегување во Ерусалим? Јован 12:16, 23–28.**

„Никогаш порано во Својот земен живот, Исус не дозволил таква демонстрација. Тој јасно ги предвидел последиците. Тоа ќе Го одведе на крст. Меѓутоа, Негова цел била на тој начин јавно да се прикаже како Откупител. Сакал да го сврти вниманието на жртвата која ќе ја круниса Неговата мисија во паднатиот свет. Додека народот се собирал во Ерусалим за да ја прослави Пасха, Тој остварувањето на симболот, вистинското Јагне доброволно се дал Себеси за жртва. Неговата смрт за гревовите на светот, ќе мора во сите наредни векови да биде предмет на длабоко размислување и проучување во Неговата црква. Секој факт во врска со тоа мора да биде проверен, така што нема да остане ниту сенка на сомнеж. Затоа, во тоа време било потребно очите на сиот народ да бидат насочени кон Него, па настаните кои претходат на Неговата голема жртва да бидат такви, што ќе го свртат вниманието на самата жртва. По таквото Негово влегување во Ерусалим, сите внимателно ќе набљудуваат како Тој бргу се приближува кон завршната сцена на Својата мисија.

Настаните поврзани со тоа триумфално јавање ќе бидат предмет на секој разговор и Исус ќе биде предочен на нивното внимание. По Неговото распнување, многумина ќе се сетат на овие настани во врска со Неговото судење и смрт. Тие ќе бидат поттикнати да ги испитуваат пророштвата и на тој начин ќе стекнат уверување дека Тој навистина бил Месијата и во сите земји ќе се зголеми бројот на оние кои пристапуваат на верата." — *Копнежот на вековите, 571.*

**б. На општо изненадување, што направил Исус додека го посматрал целиот град и зошто? Лука 19:41-44.**

„Среде општата радост, кога сите Му оддавале почест, Царот на Израел бил во солзи, а тоа не биле тивки солзи радосници, туку солзи и офкања на неконтролирана агонија. Одеднаш мноштвото го обзела тага. Нивните извици стивнале. Многумина плачеле од сочувство кон една болка која не можеле да ја сфатат.

Исус не плачел заради страдањата што го очекувале... Исусовото срце било прободено од сцената на Ерусалим, Ерусалим кој го отфрлил Божјиот Син и ја презрел Неговата љубов кој не сакал да биде убеден од Неговите моќни чуда и кој се подготвувал да му го одземе животот. Тој видел дека градот е виновен за отфрлање на својот Спасител." — *Копнежот на вековите, 576.*

## 5. ДОАЃАЊЕТО ВО ЕРУСАЛИМ — Чет, 10 јули

**а. Кога Исус влегол во Ерусалим, кое прашање го поставиле старешините и каков одговор добиле среде тој метеж? Матеј 21:10,11.**

„Кога поворката скоро почнала да слегува од Маслиновата Гора, поглаварите ги пресретнале, распрашувајќи се за причините на таа гласна радост. Кога прашале: 'Кој е тој?' учениците, исполнети со духот на вдахновение, одговарале елоквентно, повторувајќи вдахновени пророштва за Христа." — *Копнежот на вековите, 578.*

**б. Штом влегол Исус во градот, што направил во храмот? Матеј 21:12-16; Псалм 8:2.**

„Три години порано, поглаварите на храмот биле засрамени од тоа што бегале пред Неговата заповед. Подоцна се чуделе на својот страв и на своето безусловно покорување на еден понизен Човек. Сметале дека нивното недостоинствено покорување не можело да се повтори. Меѓутоа, Сепак биле исплашени повеќе од првиот пат, па брзо се покориле на Неговата заповед. Немало човек што би се осмелил да го доведе во прашање Неговиот авторитет. Свештениците и трговците побегнале од Неговото присуство, гонејќи го пред себе својот добиток...

Кога мноштвото избегало, мнозина останале во храмот. Ним им се придружиле придојдените. Тремот на храмот бил повторно преполн со болни и со оние на умирање и Исус уште еднаш им служеше." — *Копнежот на вековите, 591, 592.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА : — Пет, 11. јули

1. **На кој начин однесувањето на фарисеите често се повторува и денес?**
2. **Која била одликата на оние што му укажале чест на Исус како на ветениот Цар?**
3. **Зошто Исус можеби плаче над мене, како што плачел за Ерусалим?**
4. **Како пророштвото од Захарија 9:9 се исполни во оваа прилика?**
5. **Зошто Христос во оваа прилика дозволил толку радосна поворка и гласно славење?**

# Сакаме да Го видиме Исус

„Вистина, вистина ви велам: ако зрното пченично, што паднало на земја, не умре, останува само; а ако умре - ќе донесе голем плод“ (Јован 12:24).

**Предлагаме да прочитате:** *Христовите поуки, 80–89.*

„Само преку Христовата смрт можело да се сруши царството на сатаната. Само на тој начин човекот можел да се откупи и Бог да се прослави.“ — *Копнежот на вековите, 624.*

## 1. ОД ИСТОК И ЗАПАД — Нед, 13. јули

**а. Кој го побарал Исуса при Неговото раѓање – на почетокот на Неговиот живот – и што Му донеле? Матеј 2:1,2,10,11.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**б. Кој сега го побарал Исуса на крајот на Неговата служба и кого тие претставувале? Јован 12:20. Што нè учи тоа? Матеј 8:11.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Тие луѓе (некои Грци) дошле од Запад да Го видат Спасителот на крајот од Неговиот живот, како што на почетокот дошле мудреците од Исток. Во времето на Христовото раѓање, еврејскиот народ бил толку окупиран со своите амбициозни планови, така што не знаеле за Неговото доаѓање. Мудреците од една незнабожечка земја дошле до јаслите со своите дарови за да Му се поклонат на Спасителот. Така тие Грци, кои ги претставувале народите, племињата и националностите на светот, дошле да Го видат Исуса. Така Спаситеповиот крст ќе ги привлече народите од сите земји и сите векови...

Некои претпоставувале и ширеле такви гласови дека Исус ги истерал свештениците и поглаварите од храмот и дека ќе го заземе Давидовиот престол и ќе владее како цар на Израел. Грците копнееле да ја сознаат вистината за Неговата мисија.“ — *Копнежот на вековите, 621, 622.*

**а. На кој начин Грците ја изразиле својата желба? Јован 12:21.**

---

---

**б. Објасни го процесот преку кој Исус дознал за нивната молба и како Неговото срце реагирало на тоа. Јован 12:22,23.**

---

---

„Кога Христос ја слушнал желбата ‘ние би сакале да Го видиме Исуса,’ која го изразувала копнежот на човештвото по Спасителот, Неговото лице блеснало и Тој рекол: ‘Дојде часот да се прослави Синот Човечки’. Во таа желба на Грците видел предзнак на резултатите од Својата голема жртва.“ — *Копнежот на вековите, 621.*

„Кога Исус ја слушнал таа молба, Тој се наоѓал во оној дел од храмот, кој бил достапен само за еврејскиот народ, но излегол во предворјето во пресрет на Грците и лично разговарал со нив.“ — *Копнежот на вековите, 622.*

**в. На кој начин Христовиот нежен однос кон тие странци треба да нѐ мотивира и нас? Лука 14:23; Проповедник 11:1,2.**

---

„Мораме да се потрудиме вистината да ја слушнат сите кои сакаат да ја знаат, а такви има многу. Во сите наши големи градови Бог има искрени души кои сакаат да ја дознаат вистината. Повторно и повторно ги слушав зборовите: ‘Повтори ја пораката, повтори ја пораката!’ Кажи му на Мојот народ да ја повторува пораката на местата каде што на почеток се проповедало, каде што црквите една по една ја прифаќале вистината, а Божјата сила на величествен начин ја потврдувала вистината.“ — *Evangelism, p. 394.*

„Не ни е кажано дека сѐ што правиме мора да биде сјајно и величествено. Мораме да ја објавуваме вистината по патиштата и патеките, и тоа дело треба да се објавува со соодветни, разумни методи. Ако нешто треба отворено да истакнеме и покажеме, тогаш нека биде тоа што Христос го правел во Своето дело. Да се држиме настрана од сѐ што е театрално и необично – токму тоа го правел и Христос во Својата работа. Сензационалноста не е вистинска религија, бидејќи вистинската религија се изразува преку своето чисто, свето, возвишено и осветувачко влијание, донесувајќи духовен живот и спасение.“ — *Evangelism, p. 396.*

**а. Како Исус го споредил пченичното зрно со Својата мисија? Јован 12:24.**

---

„Семето посеано во земја дава плод, а тој плод повторно се сее. Така житото се намножува. Така Христовата смрт на крстот на Голгота ќе вроди со плод на вечен живот. Проучувањето на таа жртва ќе биде радост на оние кои, како нејзиниот плод, ќе живеат низ бескрајната вечност.

Пченичното зрно што ќе го сочува својот живот не може да вроди со плод. Тоа останува само. Кога би сакал, Христос би можел да се спаси од смртта. Но во тој случај би останал сам. Тој не би можел да доведе кај Бога ниту еден син, ниту една ќерка. Само со положување на сопствениот живот, можел да му овозможи живот на човештвото. Само паѓајќи на почвата за да умре, можел да стане семе на таа богата жетва на големо мноштво кои од секое племе, колено, јазик и народ се откупени за Бога.“ — *Копнежот на вековите, 623.*

**б. Која друга примена на оваа парабола за семето објаснил Исус? Јован 12:25,26.**

„Сите што сакаат да дадат плод како Христови соработници, мораат прво да паднат на земјата и да умрат. Животот на христијанинот треба да биде посеан во браздата на потребите на светот. Самољубивоста и себичноста мораат да пропаднат. Законот на самопожртвување е закон на самоодржување. Земјоделецот го чува своето жито со тоа што го фрла. Така е и во човечкиот живот. Да се дава значи да се живее. Животот што ќе биде сочуван е оној живот, кој несебично се посветува во служба на Бога и на човекот. Оние што го жртвуваат заради Христа својот живот во овој свет, ќе наследат вечен живот.

Животот посветен на себичноста, прилега на зрно кое ќе се изеде. Тоа исчезнува, но нема никаков род. Човекот може да се труди да приграби сè за себе, може да живее за себе и да мисли и планира само за себе, но неговиот живот поминува, а тој останува без ништо. Законот на себичноста е закон на самоуништување.

‘Ако некој ми служи Мене,’ рекол Исус, ‘нека Ме следи Мене и каде што ќе бидам Јас, таму ќе биде и Мојот слуга. Оној што ми служи Мене, него ќе го почитува и Таткото’. Сите што го носеле со Исуса крстот на жртвата, ќе учествуваат и со Него во Неговата слава. Во Своето понижување и болка, Христос се радувал што Неговите ученици ќе бидат прославени со Него. Тие се плод на Неговото саможртвување.“ — *Копнежот на вековите, 623, 624.*

**а. Каква молитва изговорил Исус додека размислувал за Својата смрт на крстот? Јован 12:27,28 (првиот дел).**

„Во Своите мисли, Христос веќе ја пиел чашата на горчина. Она што е човечко во Него, се набрало од часот на напуштање, кога ќе изгледа дека дури и Бог Го оставил, кога сите ќе сметаат дека Бог го ранува, бие и мачи. Тој се набрал при помислата на јавно изложување, од тоа што кон Него ќе постапуваат како со најголем злосторник; затреперил пред срамната и нечесна смрт. Помислата на судирот со силите на темнината, ужасната тежина на човечките гревови, Татковиот гнев предизвикан од гревот сето тоа го малаксало Исусовиот дух и смртно бледило го прекрило Неговото лице.

Потоа настапило божествено покорување на Татковата волја. Тој рекол: 'Заради ова дојдов до овој час. Татко, прослави Го Своето име'. Само преку Христовата смрт можело да се сруши царството на сатаната. Само на тој начин човекот можел да се откупи и Бог да се прослави. Исус се согласил на таа агонија, се согласил на жртва." — *Копнежот на вековите, 624.*

**б. Каков одговор се слушна тогаш од небото? Јован 12:28 (последниот дел). Што изјавило насобраното мноштво? Јован 12:29.**

„„Кога се слушнал гласот, светлина блеснала од облакот и го обвила Христа, како да Го прегрнале рацете на Бескрајната моќ, слична на пламен ѕид. Народот ја наљудувал таа сцена со ужас и вчудовидување. Никој не се осмелил да проговори. Сите молчеле и со задржан здив гледале во Исуса. Откако Таткото го дал Своето сведоштво, облакот се подигнал и се растурил во небото. Тогаш видливата врска помеѓу Таткото и Синот завршила.

'А народот кој стоеше и го чу тоа рече: Загрме, други пак рекоа, Ангел му прозбори'. Меѓутоа, Грците кои дошле да се распрашаат го виделе облакот, го слушнале гласот, ја сфатиле неговата смисла и навистина увиделе кој е Христос. Ним тој им бил откриен како Испратен од Бога.

Божјиот глас се слушнал при Исусовото крштавање на почетокот на Неговата служба, а потоа и при Неговото преобразување на гората. Сега, на крајот од Неговата служба, повторно се слушнал по трет пат." — *Копнежот на вековите, 625.*

## 5. НЕВЕРУВАЊЕТО НА ЕВРЕИТЕ

Чет, 17. јули

**а. И покрај многуте чуда што ги направил Исус – и гласот што повторно одекнал од небото – како одговори мнозинството Евреи на тоа? Јован 12:37-41.**

____________________________________________________________

„Исус ја изговорил најсвечената вистина во поглед на состојбата во која се наоѓаат Евреите. Тој им го упатил Својот последен апел и ја претскажал нивната пропаст. Тогаш Бог Го признал Оној, Кого Израел Го отфрлил. Исус рекол: 'Овој глас не дојде заради Мене, туку заради вас'. Тоа бил врвен доказ за Неговото месијанство, знак кој го дал Таткото дека Исус ја зборувал вистината и дека Тој навистина е Божји Син." — *Копнежот на вековите, 625.*

„Повторно го прашале Спасителот: 'Каков знак ќе ни покажеш да видиме и да ти веруваме?' (Јован 6:30) Им биле дадени безбројни знаци, но тие ги затвориле своите очи и ги стврднале своите срца. Сега, кога самиот Татко проговорил и кога не можеле да бараат никаков понатамошен знак, Сепак сѐ уште не верувале." — *Копнежот на вековите, 626*

**б. На кој начин постапките на некои старешини, иако биле убедени дека Христовата мисија е вистинита, претставуваат опомена за нас? Јован 12:42,43.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Повеќе ја ценеле пофалбата од луѓето, отколку Божјото одобрување. За да не се изложуваат на прекор и срам, тие се откажале од Христа и го отфрлиле вечниот живот што им бил понуден. Исто постапувале и многу други луѓе во подоцнежните векови!" — *Копнежот на вековите, 626.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 18. јули

1. **Кого претставувале оние што го барале Христос при Неговото раѓање, а сега и Грците што Го побарале?**
2. **На кој начин поуката за пченичното зрно може да се однесува и на мојот живот?**
3. **Како треба да го препознаам Божјиот глас кога многумина мислат дека станува збор за грмеж?**
4. **Кои стравови и грижи на еврејските водачи треба да ги избегнам?**
5. **Објасни ги двете значења на закопаното зрно пченица.**

САБОТА, 26. ЈУЛИ 2025. **4 ЛЕКЦИЈА**

# Исус, слуга на слугите

„Затоа ви дадов пример да правите и вие така, како што ви направив Јас“ (Јован 13:15).

**Предлагаме да прочитате:** *Копнежот на вековите, стр. 642–651.*

„Целиот Исусов живот бил посветен на несебична служба. ‘Не да Му служат, туку да служи’ (Матеј 20:28), била поуката на секое Негово дело.“ — *Копнежот на вековите, 642.*

## 1. НЕЗНАБОЖЕЧКИ КОНЦЕПТ

Нед, 20. јули

**а. Кој деструктивен начин на размислување, што потекнува од Луцифер, влијаел врз јудаизмот (вклучително и врз Христовите ученици), а може да влијае и на нас денес? Лука 22:24,25.**

____________________________________________________________

„Луцифер ја посакувал Божјата власт, но не и Неговиот карактер. Тој сакал да го заземе највозвишеното место и секое суштество што го поттикнува неговиот дух постапува исто така. Поради тоа неизбежно настануваат отуѓеност, кавги и неслога. Власта станува награда за најсилниот. Царството на сатаната е царство на силата; секој поединец го смета другиот како пречка на патот на сопствениот напредок или скалило по кое ќе се искачи себеси на некое повисоко место.“ — *Копнежот на вековите, 435, 436.*

„Во царствата на овој свет положбата е израз на самовозвишување. Се сметало дека народот постои во полза на владејачките сталежи. Угледот, богатството, образованието сето тоа биле средства со чија помош водачите стекнувале власт над мноштвото. Повисоките сталежи требало да мислат, да одлучуваат, да уживаат и да владеат пониските сталежи само да ги слушаат и да им служат. Религијата, како и сѐ останато, било само уште еден предмет на власта. Народот требало да верува и да ја исповеда верата онака како што заповедале претпоставените. Правото на човекот сам да размислува и да работи било потполно непризнато.“ — *Копнежот на вековите, 550.*

„Кога луѓето станаа горди и почнаа да копнеат за светски почести, Христовиот Дух исчезна и се појавија неслога и раздор ја рушат и ја слабеат црквата.“ — *Сведоштва за црквата, том 5, 241.*

**а. Во остра спротивност со славољубивиот стремеж по висока положба, кое начело го воспоставил Исус и каков пример ни оставил во тој поглед? Лука 22:26,27; Јован 13:13-16.**

___

„Христос воспоставувал царство што се заснова на поинакви начела. Тој не ги повикувал луѓето за да владеат, туку за да служат; оние кои се силни да ги носат слабостите на послабите. Оној што има власт, положба, способност или образование, тој има уште поголема обврска да им служи на своите ближни...

Во Христовото царство нема господарско угнетување, нема присилување. Небесните ангели не доаѓаат на Земјата за да владеат и да изнудуваат поклонение, туку доаѓаат како гласници на милоста, да соработуваат со луѓето во подигање на човештвото.“ — *Копнежот на вековите, 550.*

**б. Опишете како Христос се однесувал кон заблудените луѓе и зошто и ние треба да покажеме таков однос, наместо да постапуваме според нашите природни склоности. Филипјаните 2:3,4.**

„Природна, но многу непријатна црта на нашиот карактер е остроумно да ги забележуваме грешките и недостатоците на другите и трајно и многу добро да се сеќаваме на нив. Брат Б и не се труди да се усклади со своите браќа. Неговата самодоверба го наведува да не чувствува никаква посебна потреба за тоа. Тој смета дека нивните умни способности и достигнувања се значително пониски од неговите и да го бара и уважува нивното мислење за него би значело преголемо понижување. Таа самодоверба претставува главна препрека која го спречува во љубов и слога да соработува со своите браќа. Тој смета дека е премногу мудар и искусен и дека не му е потребна претпазливост која толку им недостига на многумина. Тој има толку високо мислење за своите способности и толку се потпира на своите достигнувања, така што се чувствува подготвен за секое изненадување.“ — *Сведоштва за црквата, том 3, 444, 445.*

„Влијанието на световната себичност кое опкружува многумина е сличен на градоносен облак, од кој замрзнува и самиот воздух кој други мораат да го вдишуваат, предизвикува болест и на телото и на душата и често останува толку студен до самата смрт.“ — *Сведоштва за црквата, том 3, 528.*

„Ако меѓу браќата постои таа љубов што ги цени другите повеќе од себеси, тогаш од радост заради другите ќе се жртвуваат сопствените желби и навики.“ — *Gospel Workers, p. 447.*

**а. За што сè уште се грижеле учениците непосредно пред Пасхата? Матеј 20:20-24; Лука 22:24.**

„И ‘настана препирање меѓу нив околу тоа кој од нив бил требало да се смета за најголем’. Таа расправа, која продолжувала и во Христово присуство, го ожалостила и Болно Го навредила. Учениците цврсто се држеле за својата омилена идеја дека Христос ќе ја воспостави Својата власт и ќе го заземе Своето место на Давидовиот престол. И секој од нив во својата душа копнеел по највисока положба во тоа царство. Имајќи лично мислење за себе и за другите, наместо да си укажуваат почест еден на друг, секој себеси се ставал на прво место. Барањето на Јаков и Јован да седнат еден од левата, а друг од десната страна на Христовиот престол, предизвикало разлутеност кај останатите. Осмелувајќи се да бараат највисока положба, Јаков и Јован предизвикале револт кај останатите десетмина до таа мера што се заканувала опасност од отуѓување. Сметале дека овие двајца погрешно расудувале за останатите, потценувајќи ја нивната лојалност и нивните способности. Во осудувањето на Јаков и Јован, Јуда бил најостар.

Кога учениците влегле во собата каде што им била подготвена вечера, срцата им биле полни со огорченост. Јуда се протуркал до Христа и седнал од Неговата лева страна; од десната страна бил Јован. Ако постоело највисоко место, Јуда бил одлучен тој да го заземе.“ — *Копнежот на вековите, 643, 644.*

**б. Која поранешна илустрација очигледно ја заборавиле учениците, поради што се појавила уште една причина за поделба меѓу нив? Матеј 18:1-4.**

„Се појавила уште една причина за неслога. За време на празникот постоел обичај еден слуга да ги измие нозете на гостите и во оваа прилика биле извршени сите подготовки за тоа. Садот со вода, мијалникот, крпата сè што било потребно за миење на нозете било тука; но немало слуга, па должноста морале да ја извршат самите ученици. Меѓутоа, поведувајќи се од чувството на повредена гордост, секој еден од учениците бил одлучен да не врши должност на слуга. Сите покажувале студена рамнодушност, наводно несвесни за задачата која морала да се изврши. Со своето молчење тие одбиле да се понизат себеси.“ — *Копнежот на вековите, 644.*

„Да размислиме како нашите зборови звучат во Божјите уши, како нашите себични мисли изгледаат во Неговите очи, кога ги осудуваме другите кои можеби се подобри од нас во срцето и во намерите.“ — *The Signs of the Times, February 19, 1885.*

**а. Откако трпеливо почекал учениците да преземат иницијатива, што конечно направил Исус? Јован 13:3-5.**

________________________________________________

„[Јован 13:5 цитиран.] Таа постапка конечно им ги отворила очите на учениците. Срцето им се исполнило со горчлив срам и понижување. Го сфатиле неискажаниот прекор и се согледале себеси во целосно нова светлина.

Така Христос ја изразил Својата љубов кон Своите ученици. Нивниот себичен дух го исполнил со жалост, но не се впуштал во расправа во поглед на нивните меѓусебни тешкотии. Наместо тоа, Тој им дал пример кој тие никогаш нема да го заборават." — *Копнежот на вековите, 644.*

**б. Како реагирал Петар кога дошол редот на него? Јован 13:6-8 (првиот дел).**

________________________________________________

________________________________________________

„Петар не можел да гледа како неговиот Господ, за Кого бил убеден дека е Божји Син, извршува работа на еден слуга. Со сета душа се противел на таквото понижување. Не сфатил дека токму поради тоа Христос дошол на овој свет." — *Копнежот на вековите, 645, 646.*

**в. До кој степен се препуштил Јуда на сатанските искушенија и како Христос покажал дека тоа Му е познато? Јован 13:2,10,11.**

________________________________________________

„Пред Пасха, Јуда и по вторпат се сретнал со свештениците и книжниците и склучил спогодба да им Го предаде Исуса во раце. Сепак, по сето тоа Тој повторно се вмешал меѓу учениците како да не направил никакво зло и заедно со нив учествувал во подготовката за празникот. Учениците не знаеле ништо за целта на Јуда. Само Исус можел да ја прочита таа тајна. Сепак, Тој не сакал да го изобличи. Исус копнеел по неговата душа. Ја чувствувал по него истата онаа болка што Го обземала кога, набљудувајќи го Ерусалим, заплакал над градот осуден на пропаст. Срцето тажно вапело: 'Како да те дадам?' Силата на таа љубов ја почувствувал и Јуда. Кога Христос со Своите раце ги миел валканите нозе и ги бришел со крпа, Јудиното срце затреперило и почувствувал потреба веднаш да го признае својот грев. Но не сакал да се понизи." — *Копнежот на вековите, 645.*

## 5. ЗНАЧЕЊЕТО НА МИЕЊЕТО НА НОЗЕ

Чет, 24. јули

**а. Што всушност сакал Исус да направи преку овој чин? Јован 13:8 (последниот дел).**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Со дејствието на нашиот Господ, ова понижувачко дело стана осветен обред. Тој требаше да се извршува од страна на учениците, за постојано да ги имаат на ум Неговите лекции за понизност и служба.

Овој обред е одредената подготовка на Христос за светата вечера. Додека се негуваат гордост, несогласување и борба за првенство, срцето не може да влезе во заедништво со Христос. Не сме подготвени да ја примиме вечерата на Неговото тело и Неговата крв. Затоа Исус го одреди споменот на Своето понижување најнапред да се одбележи.“ — *Копнежот на вековите, 650.*

**б. Кои значајни зборови ги изговорил Исус по миењето на нозете и на што тоа треба да нè потсети за време на нашето учество во тој обред? Јован 13:12-17.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Ние сме грешни и многупати сме згрешиле. Да се вратиме кај Господ со покајание и признавање. Додека се собираме за да учествуваме во обредите во Господовиот дом, да ја исправиме секоја грешка, колку што зависи од нас. Кога ќе клекнеме пред братот и ќе му ги измиеме нозете, да се запрашаме: ‘Дали во моето срце постои нешто што ме разделува од овој брат? Дали сум рекол или направил нешто што би нè оддалечило еден од друг?’ Ако е така, отстранете го тоа со искрено признавање на својот грев. Така едно срце цврсто ќе се соедини со друго и Господовиот благослов ќе слезе врз вас.“ — *Reflecting Christ, p. 283.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 25.јули

1. **Објасни ја спротивноста меѓу небесното и овоземното размислување.**
2. **Што всушност одбивам ако одбијам да му ги измијам нозете на својот брат?**
3. **На кој начин внатрешното искуство на Јуда претставува опомена за мене?**
4. **Објасни како Исус го променил однесувањето на учениците.**
5. **Кое е значењето на обредот миење нозе?**

# ДАР ВО ПРВАТА САБОТА

Сабота, 2. август 2025.



## За воспитниот оддел на ГК

Воспитувањето, исто како и осветувањето, е дело на целиот живот. Од нашите најрани денови, па низ целата вечност, воспитувањето е суштински важен дел од човечкото искуство. Оваа сабота ве молиме за вашата поддршка во нашите напори да го прошириме ова извонредно важно дело на Заедницата.

Од најраните години на нашиот живот треба да научиме да бидеме мисионери. „Секој вистински ученик се раѓа за Божјото царство како мисионер.“ — *Копнежот на вековите, стр. 195*. „И пренесувај им ги на децата свои и зборувај за нив, кога седиш дома и кога си на пат, кога си легнуваш и кога стануваш“ (Второзаконие 6:7). И кога победата ќе биде осигурена, и кога повеќе нема да има ниту грев ниту грешник, делото на воспитувањето ќе продолжи.

Сега, како никогаш досега, нашата црква мора да биде подготвена да обезбеди материјали за да се поставаат соодветни темели на воспитувањето за секоја возрасна група во човечкото семејство.

За жал, образовните институции сè повеќе се оддалечуваат од учењето на основните животни принципи и стануваат центри на световна индоктринација. Многу загрижени родители сфаќаат колкаво влијание има образованието врз нивните деца и ни се обраќаат за совет како можат да дојдат до материјали што би им помогнале да ги воспитуваат своите деца за слава и чест на Бога.

Поради тоа, воспитниот оддел на Генералната конференција е во процес на изработка на комплетна наставна програма со оваа цел пред себе. Во соработка со нашите воспитувачи и со придонесот на различни унии и територијални конференции, делото на изработка на наставната програма за деца е веќе во тек.

Сепак, трошоците за овој проект ја надминуваат сумата на средства што ја имаме на располагање. Потребни ни се вашите дарежливи прилози кои ќе ни помогнат во подготовката, преводот и дистрибуцијата на материјалите до местата каде што живеат сиромашните. Вашата поддршка ќе ни овозможи да подготвиме најквалитетен материјал, за учениците што го користат да бидат „оспособени за корисност во овој живот и за служба на Бога низ целата вечност.“ — *Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 495.*

Свесни сме дека ова е голем и сложен проект, но исто така знаеме дека вреди секој вложен труд. Исто така знаеме дека со вашите дарежливи прилози ќе успееме да подготвиме материјал што ќе вклучува предмети како математика, јазици и општествени науки, а кој ќе ја подготви нашата младина на најефикасен начин да ја однесе веста за евангелието во светот.

Ви благодариме однапред, и нека Бог ги благослови даровите и дарителите.

*Воспитниот оддел на Генералната конференција*

**САБОТА, 2. АВГУСТ 2025.** **5 ЛЕКЦИЈА**

# Патот, Вистината и Животот

**„Исус му рече: ‘Јас сум Патот, Вистината и Животот; никој не доаѓа кај Отецот, освен преку Мене.’“ (Јован 14:6).**

**Предлагаме да прочитате:** *Сведоштва за Црквата, том 8, стр. 265–269.*

„Оваа земја поради човечкиот престап била оттргната од небесната заедница. Секоја врска помеѓу човекот и Неговиот Творец била прекината, но патот по кој што тој повторно може да се врати во домот на Таткото е сепак пронајден.“ — *Мојот живот денес, стр. 260.*

## 1. ИСУС ГО НАЈАВУВА СВОЕТО ВРАЌАЊЕ КАЈ ОТЕЦОТ — Нед, 27. јули

**а. Со кои зборови Исус го објавил крајот на Својата земна мисија? Јован 13:33. Која друга порака им пренел Тој? Јован 13:34,35.**

„Една од Христовите последни заповеди, упатени до учениците, гласела: ‘Љубете се еден со друг, како јас што ве љубев вас, така и вие да се љубите еден со друг’ (Јован 13:34). Ја исполнуваме ли ние оваа заповед или негуваме остри, нехристијански карактерни особини? Ако на кој било начин сме ги ожалостиле или сме ги повредиле другите, наша должност е да ја признаеме својата грешка и да побараме измирување. Тоа е неопходна подготовка за да можеме да излеземе пред Господа со вера и да побараме негов благослов.“ — *Христовите поуки, стр. 144.*

**б. Каков разговор се водел меѓу Петар и Исус во врска со Господовото заминување? Јован 13:36-38.**

---

„И денес многумина се наоѓаат таму каде што бил Петар кога самоуверено тврдел дека никогаш нема да се одрече од својот Учител. И, задоволни од самите себе, тие стануваат лесен плен на сатанските лукавства. Тие што се свесни за својата слабост се потпираат на силата што е посилна од нивното сопствено ЈАС. Додека со вера гледаат кон Господ, сатаната нема никаква сила над нив. Но, оние што се потпираат на својата сопствена сила лесно доживуваат пораз.“ — *Our High Calling, p. 307.*

**а. Додека сè уште биле во горната соба, кои зборови на утеха им упатил Исус на Своите ученици и што им ветил? Јован 14:1,2.**

„[Јован 14:1–4 цитиран.] Поради вас дојдов на светот. За вас се залагав во Својата работа. И кога ќе заминам уште повеќе ќе се залагам за вас. Дојдов на светот за да ви се откријам и за да можете да верувате во Мене. Се враќам кај Таткото да соработувам со Него за ваше добро”. Целта на Христовото заминување била спротивна на она од што учениците се плашеле. Таа не значела конечна разделба. Заминал за да им подготви место, со цел повторно да дојде и да ги земе со Себе. Додека Тој за нив подготвува живеалишта, тие треба да го изградуваат карактерот според божествената сличност.“ — *Копнежот на вековите, стр. 663.*

**б. Кој важен настан го спомнал Христос во Својата порака? Јован 14:3.**

„Сеќавањето на ветувањето за второто Христово доаѓање морало секогаш да биде живо и свежо во душата на неговите ученици. Истиот тој Исус, кого го виделе како се издигнува кон небото, повторно ќе дојде да ги земе кај себе сите кои овде ѝ се посветиле на Неговата служба. Истиот глас кој им рекол: ‘Еве, јас сум со вас во сите дни до крајот на векот’, ќе им посака добредојде во своето присуство во небесното царство.“ — *Делата на апостолите, стр. 33.*

**в. Кое прашање во врска со патот го поставил Тома и каков одговор добил? Јован 14:5,6.**

„Не постојат многу патишта за влез на Небото. Не може секој да избере сопствен пат. Христос кажува: ‘Јас сум патот... никој не доаѓа кај Таткото освен преку Мене’. Уште од првата евангелска порака, изречена во Едем, кога било објавено дека семето на жената ќе и ја рани главата на змијата, Христос бил воздигнат како патот, вистината и животот. Тој бил патот кога Адам живеел, кога Авел ја принел на Бога крвта на погубеното јагне, која ја прикажувала крвта на Откупителот. Христос бил патот по кој нашле спасение патријарсите и пророците. Тој е единствен пат по кој и ние можеме да Му пристапиме на Бога.“ — *Копнежот на вековите, стр. 663.*

**а. На кој начин Исус се поистоветил со Отецот и како тоа се однесува и на нас? Јован 14:7.**

---

„Христос дошол на светот за да го открие Бога како Бог на љубовта, - полно со милост, нежност и сомилост. Откупителот на светот го растерал густиот мрак со кој сатаната го обвил Божјиот престол и Отецот повторно бил откриен на луѓето како светлина и извор на животот.“ — *Сведоштва за Црквата, том 5, стр. 738.*

**б. Која молба му упатил Филип на Исус, и какво е значењето на одговорот што му го дал Господ? Јован 14:8-11.**

---

„Кога Филип му се обратил на Исуса со барање: ‘Покажи ни Го Таткото, и доста ни е’, Спасителот му одговорил: ‘Толку време сум со вас, и зар не си Ме познал Филипе? Кој Ме видел Мене, Го видел Таткото, па како ти велиш: ‘Покажи ни Го Таткото?’ (Јован 14:8,9). Христос изјавува дека е пратен во светот како претставник на Отецот. Во благородноста на Својот карактер, во Својата милост и нежно сочувство, во Својата љубов и добрина, Тој стои пред нас како отелотворување на божественото совршенство, слика на невидливиот Бог.“ — *Сведоштва за Црквата, том 5, стр. 739.*

„Христос многу јасно ја истакнувал вистината дека Отецот можат да Го видат само преку вера. Ниту едно човечко суштество не може да Го види Бога во надворешна, физичка форма.“ — *SDA Bible Commentary, том 5, стр. 1141, 1142.*

„Христос не престанал да биде Бог кога станал човек. Иако се понизил, земајќи на Себе човечки лик, Божеството било сѐ уште Негово. Единствено Христос можел да им даде на луѓето претстава за Бога, а како таков учениците имале предност да Го гледаат три години...

Нивната вера можела безбедно да почива на доказите дадени преку Христовите дела, дела кои ниту еден човек, сам од себе, некогаш ги извршил, ниту некогаш може да ги изврши. Христовите дела сведочеле за Неговото божество. Преку Него Таткото се открил на светот.

Кога учениците би верувале во таа животна врска меѓу Таткото и Синот, нивната вера не би се поколебала тогаш, кога виделе како Христос страда и умира, за да го спаси светот што пропаѓа. Христос настојувал да ја издигне нивната вера која се наоѓала на толку низок степен до искуство какво што би можеле да имаат кога би сфатиле дека Тој е Бог во тело на човек.“ — *Копнежот на вековите, стр. 663, 664.*

**а. Кои возвишени можности им ги понудил Исус на Своите ученици? Јован 14:12.**

„Спасителот длабоко копнеел Неговите ученици да сфатат со каква цел Тој ја соединил божествената природа со човечката. Тој дошол на овој свет за да им ја открие Божјата слава на луѓето, за нејзината обновувачка сила да ги воздигне. Бог се открил во Него, за да може Тој да се открие во нив. Исус не покажувал никакви особини, ниту користел некои сили кои човекот, верувајќи во Него, не би можел да ги поседува преку вера. Совршенството што Тој го покажал во човечко тело може да го достигне секој Негов следбеник ако му се потчини на Бога онака како што Тој се потчинувал.

‘Ќе прави и поголеми од овие, зашто Јас одам кај Мојот Татко’. Со ова Христос не сакал да каже дека делото на Неговите ученици ќе биде повозвишено по карактер од Неговото, туку дека ќе има поголем обем. Исус не мислел само на правењето чуда, туку на сѐ она што ќе се случи под делувањето на Светиот Дух.

По Христовото вознесување учениците доживеале исполнување на Неговото ветување. Сцените на Неговото распнување, воскресение и вознесување за нив биле жива реалност. Тие се осведочиле дека пророштвата буквално се исполниле. Го истражувале Светото Писмо и со вера и уверување го прифаќале учењето изнесено во него. Знаеле дека сѐ она што божествениот Учител го тврдел за Себе е навистина така. Зборувајќи подоцна за она што го доживеале, тие ја воздигале Божјата љубов, така што срцата биле трогнати и покорени, па многумина поверувале во Исуса.“ — *Копнежот на вековите, стр. 664, 667.*

**б. Која сигурност ни ја остава Исус и со тоа ни дава надеж за сите векови? Јован 14:13,14.**

„Дотогаш учениците не ги познавале неограничените ресурси и силата на Спасителот. Тој им рекол: ‘Досега не баравте ништо во Мое име’. (Јован 16:24) Им објаснил дека тајната на нивниот успех лежи во барањето сила и благодат во Негово име. Тој ќе биде присутен пред Таткото и ќе се моли за нив. Молитвите на понизните души Тој ги изнесува како Своја лична желба во нивна корист. Секоја искрена молитва се слуша на Небото. Ако таквата молитва и не е точно изговорена, а е изговорена од срце, таа ќе се издигне до светилиштето каде што Исус служи и Тој ќе му ја принесе на Таткото без ниту еден невешт, пелтечки збор, туку прекрасна и миризлива со темјанот на Своето совршенство.“ — *Копнежот на вековите, стр. 667.*

## 5. ПОСЕБНО ВРЕМЕ — Чет, 31. јули

**а. Опишете ги посебните моменти што учениците ги поминале со Исус додека им ја објаснувал Својата врска со Отецот (Јован 14:8-10) и како и ние можеме да уживаме во таква заедница со небото. Песна над песните 2:3,4.**

„Додека Христос ги изговарал овие зборови (во Јован 14:8-10), Божјата слава заблескала од Неговото божествено лице и сите присутни почувствувале свет стравопочит, внимателно следејќи ги Неговите зборови. Се чувствувале како нивните срца посилно да се привлечени кон Христос, и колку повеќе Му се приближувале со љубов, толку повеќе се зближувале еден со друг. Чувствувале дека небото е многу близу, дека зборовите што ги слушале за нив се порака од небесниот Отец“. — *SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], том 5, стр. 1142.*

„Има многу луѓе кои се сметаат за христијани, а кои се полни со грижи и депресивни, многу луѓе кои постојано се толку зафатени, што немаат време спокојно да се одморат во Божјите ветувања, кои живеат како да им е невозможно да побараат спокој и мир. Сите овие Христос Ги повикува: ‘Дојдете кај Мене... и Јас ќе ве успокојам’ (Матеј 11:28).

Да се оттргнеме од правливите, жешки патишта на животот и да се одмориме во сенката на Христовата љубов. Овде ќе стекнеме сила за борба. Овде ќе научиме како да ја намалиме маката и грижата, како да зборуваме и пееме на Божја слава. Уморните и преоптоварените треба да научат од Христа мирно да веруваат. Тие мораат да седнат под Неговата сенка, ако сакаат да ги поседуваат Неговиот мир и спокој“. — *Сведоштва за Црквата, том 7, стр. 69.*

„Кога Божјиот народ е испол нет со кротост и нежност, тие ќе сфатат дека Неговото знаме над нив е љубов, и Неговиот плод ќе биде сладок за нивниот вкус. Тие доле на земјата ќе направат небо кое треба да ги подготви за горе на Небото“. — *Сведоштва за Црквата, том 7, стр. 131.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА: — Пет, 1. авг

1. **Како можам да ја избегнам замката во која паднал Петар?**
2. **Во светлината на Христовите ветувања дека ми подготвува дом, која е мојата должност на земјата?**
3. **На кој начин сум оспособен да ги извршувам Христовите дела?**
4. **Како ги утешил Исус учениците кога слушнале дека Тој ќе замине?**
5. **Што подразбира Исус под „поголеми дела“ што ќе се направат, и како ќе се случи тоа?**

**САБОТА, 9. АВГУСТ 2025.** **6 ЛЕКЦИЈА**

# Ветување за Светиот Дух

„За тие зборови сведоци Негови сме ние и Светиот Дух, Кого Бог им Го даде на оние што Му се покоруваат.“ (Дела 5:32).

**Предлагаме да прочитате:** *Сведоштва за Црквата, том 8, стр. 19–23; Делата на апостолите, стр. 47–56..*

„Ветувањето за дарот - за Светиот Дух - не е ограничено ниту на една епоха, ниту на еден народ. Христос рекол дека божествената сила на Светиот Дух ќе почива врз неговите следбеници сè до крајот.“ — *Делата на апостолите, стр. 49.*

## 1. ПОСЛУШНОСТ — ПЛОД НА ВЕРАТА

Нед, 3. авг

**а. Кога со вера ќе Го прифатат Исуса, што примаат христијаните во своето срце? Римјаните 5:1-5.**

________________________________________________________

________________________________________________________

**б. На кој начин Христовата љубов се открива во животот на верникот? Јован 14:15,21; 1. Јованово 2:3.**

________________________________________________________

________________________________________________________

„[Христос] ги спасува луѓето не во гревот туку од гревот, а оние што Го љубат, ќе ја покажат својата љубов преку послушност.

Секоја вистинска послушност доаѓа од срцето. Тоа значи да се соработува со Христа со сето срце. Ако Му се предадеме, Тој ќе ги поистовети нашите мисли и цели со Своите, а нашето срце и ум ќе ги усклади со Својата волја до таа мера што кога се покоруваме на Него всушност постапуваме во сообразност со своите побуди. Нашата волја станува облагородена и посветена и нашата најголема радост се состои во тоа да Му служиме Нему. Кога ќе го запознаеме Бога онака како што имаме привилегија да Го познаваме, нашиот живот станува живот на постојана послушност. Затоа што го познаваме и цениме Христовиот карактер и затоа што одржуваме постојана врска со Бога, гревот ќе ни стане одвратен.“ — *Копнежот на вековите, стр. 668.*

**а. Кого Исус ветил дека ќе го испрати за да ги утеши учениците? Јован 14:16-18.**

„Духот и претходно бил на овој свет. Тој делувал на срцата на луѓето од самиот почеток на делото на откупувањето. Додека Христос бил на Земјата, на учениците не им бил потребен друг помошник. Меѓутоа, кога ќе бидат лишени од Неговото присуство, тие ќе почувствуваат потреба за дарот на Светиот Дух и тогаш Тој ќе дојде.“ — *Копнежот на вековите, стр. 669.*

**б. На кој начин Христос ќе „живее“ во срцето на учениците? Јован 14:19-23.**

„Светиот Дух е Христов претставник, но не во човечки лик и не зависи од него. Оптоварен од човечката природа, Христос не можел лично да биде на секое место. Затоа, во нивен интерес било Тој да се врати кај Таткото и да го испрати Духот да биде негов наследник на Земјата. Тогаш никој нема да биде посебно привилегиран само поради местото во кое живее или поради својот личен допир со Христа. Со посредство на Духот, Спасителот ќе биде достапен на сите. Во таа смисла Тој ќе им биде поблизу отколку кога не би се вознел на Небото...

Исус знаел каква ќе биде иднината на Неговите ученици. Еден видел на губилиште, друг на крст, трет во прогонство меѓу осамени карпи на пуст остров, други прогонувани и убивани. Затоа ги храбрел со ветувањето дека во секоја неволја Тој ќе биде со нив. Тоа ветување ниту малку не загубило од својата сила. Господ знае сѐ за Своите верни слуги кои поради Него лежат во затвор или се прогонети на осамени и пусти острови. Тој ги теши со Своето присуство. Кога верникот заради вистината ќе се најде на обвинителна клупа и тоа пред неправедни судии, Христос стои покрај Него. Секое обвинување против него, паѓа на Христа. Христос повторно се осудува во лицето на ученикот. Кога некој од нив ќе се најде како затвореник меѓу затворските решетки, Христовата љубов го исполнува срцето со свет занес...

Во сите времиња и на секое место, во сите страдања и во секоја болка, кога изгледите се мрачни, а иднината неизвесна, кога се чувствуваме беспомошни и осамени, Утешителот ќе биде испратен како одговор на молитвата со вера. Околностите можат да не одвојат од сите земни пријатели, но никакви околности, никаква оддалеченост не може да не одвои од небесниот Утешител. Каде и да сме, каде и да одиме, Тој секогаш ни е од десната страна за да не поддржува, помага, да не подига и охрабрува.“ — *Копнежот на вековите, стр. 669.*

**а. На кој начин Утешителот ќе влијае врз сеќавањето и разбирањето на учениците? Јован 14:26.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„(Учениците) не ја сфаќале вредноста на библиските стихови кои Христос ги изнесувал. Многу од поуките што им ги упатил како да биле напразни. Исус видел дека тие не ја сфатиле вистинската смисла на Неговите зборови. Затоа во сочувствување им ветил дека Светиот Дух повторно ќе ги потсети на зборовите што Тој им ги зборувал. Исто така, Духот ќе им го открие и сето она што не можел да им го каже, бидејќи гледал дека не Го разбираат. Светиот Дух ќе ја оживее моќта на разбирањето, така што ќе можат да го сфатат она што е небесно. ‘Кога ќе дојде Тој, Духот на вистината,’ рекол Исус, ‘Тој ќе ве упати на секоја вистина.’" — *Копнежот на вековите, стр. 670.*

**б. Што уште ќе направи Утешителот за вистинските Христови следбеници? Јован 16:12-14.**

„Ако постои некоја точка од вистината што не ја разбирате или за која не се согласувате, истражувајте, споредувајте писмо со писмо, истражувајте длабоко во рудникот на Божјото Слово. Себеси и своите мислења мора да ги положите на Божјиот жртвеник, да ги оставите своите предрасуди и да му дозволите на небесниот Дух да ве доведе до секоја вистина." — *Избрани пораки, книга 1, стр. 412, 413.*

„Ако ја немаме помошта на Духот преку кого ни е дадено словото не можеме правилно да го разбере и да го цениме духовното откровение." — *Сведоштва за Црквата, том 5, стр. 241.*

„„Искушенијата често се чинат неодоливи затоа што се занемарува молитвата и проучувањето на Библијата и тогаш оној што се искушува не може веднаш да се сети на Божјите ветувања и на сатаната да му се спротивстави со библиско оружје. Но ангелите постојано се наоѓаат околу оние што се подготвени да бидат поучени на божествените вистини и во мигот кога имаат голема потреба тие ќе ги потсетат токму на вистините што им се потребни. Така, ‘Ако непријателот надојде како река, духот на Господ ќе го истера’ (Исаија 59:19).

Исус им ветил на Своите ученици: ‘А Утешителот, пак, Духот Свети, Кого што Отецот ќе го испрати во Мое име, Тој ќе ве научи на сè и ќе ви напомни за сè што сум ви зборувал’ (Јован 14:26). Но Христовата наука мора порано да се втисне во нашите умови за Божјиот Дух да може во мигот на опасност да нè потсети на неа." — *Големата борба, стр. 600.*

**а. Кое прекрасно ветување им дал Исус на Своите верни следбеници – ветување што ќе ни биде од голема помош во време на неволја? Јован 14:27-29.**

„Во говорот одржан на учениците, Исус не дал никакви тажни навестувања за Своите страдања и смрт. Неговата последна оставнина за нив била оставнина на мир." — Копнежот на вековите, стр. 672.

„'Мир ви оставам; мирот Свој ви го давам...' (Јован 14:27). Тоа не е оној мир кој обично се постигнува со прилагодување кон светот. Христос никогаш не купувал мир правејќи компромис со злото. Мирот што им го оставил Христос на своите ученици не е надворешен, туку внатрешен, и тој мир секогаш треба да остане во срцето на неговите сведоци - и во борбата и во судирите и расправиите". — *Делата на апостолите, стр. 84.*

„Историјата на вистината секогаш била запис за борбата меѓу правдата и неправдата. Објавувањето на евангелието на овој свет секогаш се одвивало во борба поврзана со противење, со опасности, со загуби и страдања.

Каде лежела силата на оние кои во минатото биле прогонувани заради Христа? Во единството со Бога, со Христа и со Светиот Дух. Нападите и прогоните мнозина одвоиле од земните пријатели, но никогаш не од Христовата љубов. Душата која се бори во борбата на искушенијата никогаш на Спасителот не му била помила отколку кога е изложена на напади поради вистината. „И јас ќе го љубам", вели Христос, „и јас самиот ќе му се објавам" (Јован 14:21). Кога верникот седи на обвинителна клупа поради вистината, Христос стои крај него. Кога се наоѓа меѓу затворски ѕидови, Христос му се открива и со својата љубов го загрева неговото срце. — *Делата на апостолите, стр. 84,85.*

**б. На крајот на Својата мисија, што можел Исус да потврди за Себе? Јован 14:30.**

---

„Сатаната бара во човечкото срце некоја слаба точка што би можел да ја претвори во свое упориште, некоја несвета наклонетост или желба преку кои би можел да ги оправда своите напади и искушенија. Но Христос со право можел да каже за Себе: „Еве, доаѓа кнезот на овој свет, и во Мене нема ништо." Бурата на искушенијата се срушила врз Него со сета своја жестокост, но Тој со ништо не се дозволил да се одврати од Својата верност кон Бога." – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 927.*

## 5. ХРИСТОВИОТ МИР

Чет, 7. авг

**а. На кој начин единствено можеме да имаме мир со Бога? Јован 16:33; Ефесјаните 2:13,14.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Невозможно е со сопствени сили да се спротивставиме на барањата на својата падната природа. Преку тој канал, сатаната ќе се обидува да не доведе до искушение. Христос знаел дека непријателот ќе се приближи на секое човечко суштество за да ја искористи наследената слабост и со лажни сугестии да ги улови оние чија доверба не се темели на Бога. Поминувајќи по патот низ кој морал да помине човекот, Спасителот го подготвил патот за ние да можеме да победиме. Негова волја не е да се најдеме во неповолна положба во судирот со сатаната. Тој сака да не ја изгубиме храброста пред нападите на змијата. ‘Не плашете се,’ вели Тој, ‘зашто Јас го надвладеав светот’ (Јован 16:33).“ — *Копнежот на вековите, стр. 122*.

**б. Што се бара од верникот кој сака да биде во мир со Бога? Псалм 119:165. Какво искуство ќе има таков верник? 1. Јованово 3:22.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Господ ќе не поучи на нашите должности исто толку волно како што ќе ги поучува и другите. Ако Му се обратиме со вера, Тој лично ќе ни зборува за Своите тајни. Срцето ќе ни гори во градите кога Тој ќе се приближи да разговара со нас исто како што разговарал со Енох. Оние кои се подготвени да не прават ништо што не Му е угодно на Бога, ќе знаат кога во молитва да го изнесат својот случај пред Него, по кој пат треба да тргнат. Тие ќе бидат надарени не само со мудрост, туку и со сила. За да можат да послушаат и верно да ја извршуваат својата служба, ќе им биде подарена силата што Христос им ја ветил.“ — *Копнежот на вековите, стр. 668.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Пет, 8. авг

1. **Како можам да бидам сигурен дека навистина се молам во Христово име?**
2. **Зошто треба да ме привлекува Христовиот мир повеќе од мирот што го нуди светот?**
3. **Како можам уште подлабоко да го искусам Христовиот мир?**
4. **Опиши го животот на верник што е во мир со Бога.**
5. **Сумирај ја улогата на Светиот Дух.**

# Исус, вистинската лоза

„Без Мене не можете да направите ништо“ (Јован 15:5, последен дел).

**Предлагаме да прочитате:** *4. Сведочанство, 334-337; 1. Сведочанство, 229, 230.*

„Единството со Христа преку жива вера опстојува; секое друго единство мора да пропадне... Но за ова единство мораме нешто и да платиме. Тоа е единство на целосна зависност, во кое едно гордо суштество мора да се понизи.“ — *Сведоштва за Црквата, том 5, стр. 231.*

## 1. КРЕВКИ И ЗАВИСНИ — Нед, 10. авг

**а. Со што се споредил Исус и зошто? Јован 15:1 (првиот дел).**

---

„Наместо прекрасната палма, величествениот кедар или силниот даб, Исус симболично се прикажал Себеси преку лозата со своителастари кои се превиткуваат. Палмата, кедарот и дабот можат сами да стојат. Ним не им е потребна потпора. Меѓутоа, лозата се испреплеткува околу потпорите и така се искачува кон небото. Така Христос во Својата човечка природа се потпирал на божествената сила. ʻЈас не можам да правам ништо од Себе,ʼ рекол Тој. (Јован 5:30)“ — *Копнежот на вековите, стр. 674.*

**б. Која друга поука сакал Исус да ја илустрира преку лозата? Јован 15:1-3.**

---

„Евреите отсекогаш сметале дека лозата е најблагородна билка и дека е симбол на сѐ што е силно, извонредно и плодно. Израел бил прикажан како лоза која Бог ја засадил во ветената земја. Евреите ја засновале својата надеж во спасението на својата врска со Израел. Меѓутоа, Исус вели: „Јас сум вистинска лоза. Не мислете дека заради својата врска со Израел ќе станете учесници во Божјиот живот и наследници на Неговите ветувања. Само преку Мене се добива духовен живот.“ — *Копнежот на вековите, стр. 675.*

**а. Кој услов е неопходен за христијанскиот живот да биде плодоносен? Јован 15:4.**

„’Поврзаноста на прачката со лозата,’ рекол Тој, ‘ја претставува врската што вие треба да ја одржувате со Мене’. Калемот се калеми на жива прачка и влакно по влакно, жиличка по жиличка зараснува со лозата. Животот на лозата претставува живот на прачката. Така и душата, мртва заради престапот и гревот, добива живот преку врската со Христа. Таа врска се создава со вера во него како во личен Спасител. Грешникот ја обединува својата немоќ со Христовата сила, својата празнина со Христовото изобилство, својата слабост со Христовата неминлива моќ. Тогаш тој добива Христов ум. Примајќи човечка природа, Христос дошол во допир со нашата природа, а нашата природа дошла во допир со божеството. На тој начин преку Светиот Дух човекот станува учесник во божествената природа и е прифатен во Саканиот.“ — *Копнежот на вековите, стр. 675.*

**б. Што се случува со човекот кој е одвоен од Христа? Јован 15:6.**

„Тоа единство со Христа, еднаш воспоставено, мора да се одржува. Христос рекол: ‘Бидете во Мене и Јас ќе останам во вас. Како прачката што не може да роди род сама од себе ако не биде на лозата, така ни вие, ако не останете во Мене’. Тоа не е никаков случаен допир, никаква минлива врска. Гранката станува дел од живата лоза. Пренесувањето на животот, на силата и плодноста од лозата на прачката е непречено и постојано. Ако се одвои од лозата, прачката не може да живее. ‘Исто така,’ рекол Исус, ‘вие не можете да живеете одвоено од Мене. Животот што го добивте од Мене може да се одржи единствено во заедница со Мене. Без Мене не можете да совладате ниту еден грев, не можете да се спротивставите ниту на едно искушение.’“ — *Копнежот на вековите, стр. 676.*

**в. На кој начин се открива вистинското следбеништво? Јован 15:4; 8:31; 13:35.**

„Кога луѓето се меѓусебно здружени и поврзани не со сила или со лични интереси туку со љубов, тие ќе покажат делување на една сила која е повозвишена од човечката. Таквото единство претставува очигледен доказ дека Божјиот лик е обновен во човечкиот род, дека е всадено едно ново начело на животот. Тоа покажува дека во божествената природа постои сила која е во состојба да се спротивстави на натприродните сили на злото и дека Божјата благодат ја потчинува себичноста што е вродена во човечкото срце.“ — *Копнежот на вековите, стр. 678.*

**а. Кои ќе бидат неизбежните последици од нашата постојана поврзаност со Христа? Јован 15:5,8.**

---

„Коренот праќа храна преку прачката до најоддалечените гранчиња. Така Христос пренесува на секој верник духовна сила. Сè додека душата е обединета со Христа, нема опасност дека ќе овене или ќе изумре...

Ако живееме со вера во Божјиот Син, плодовите на Духот ќе се покажат во нашиот живот и ниту еден од нив нема да ни недостига." — *Копнежот на вековите, стр. 676.*

„Неговата светлина, Неговиот живот, Неговиот Дух, ни се потребни постојано. Тој е наша потреба во секој миг. Да се помолиме секое утро, како што сонцето ги осветлува горите и долините, така и Сонцето на правдата да ги осветли одаите на нашите ум и срце, правејќи нè радосни и среќни во Господа. Да не остануваме без Неговото присуство ниту еден миг. Сатаната будно нè следи кога нешто ќе започнеме без нашиот Господ, и тој веднаш е овде, подготвен да ни ги подметне своите нечисти сугестии за да нè поколеба во нашата постојаност. Затоа Христос сака ниту за миг да не се одвојуваме од Него, и така во Него ќе бидеме потполни." — *Мојот живот денес, стр. 15.*

„Сите што го прифатиле Христа како свој Спасител треба да ја прикажат вистината на евангелието и нејзиното спасоносно влијание врз животот. Бог не поставува ниту едно барање ако не обезбедил средства за негово извршување. Со Христовата милост ние можеме да постигнеме се што Бог бара од нас. Божјиот народ треба да ги прикаже сите небесни богатства." — *Христовите поуки, стр. 301.*

**б. Под кој услов можеме да пребиваме во Христовата љубов? Јован 15:9,10; 1. Јованово 2:5.**

---

„Бог сака преку нас да ја покаже Својата светост, добрина и сочувство белезите на Неговиот карактер. Сепак, Спасителот не им наредува на учениците да се напрегаат за да родат плод. Тој им кажува да останат во Него." — Копнежот на вековите, стр. 677.

„Исполнувајќи ги своите намери, Бог има голема цел да ги провери луѓето, да им даде можност да го развијат својот карактер. На тој начин сака да утврди дали се послушни или непослушни кон Неговите наредби. Со нашите добри дела ние не можеме да ја купиме Божјата љубов; со делата само докажуваме дека неа веќе ја уживаме." — *Христовите поуки, стр. 283.*

**а. Што вели Исус за Своето слово како алка што Го поврзува со Своите верници? Јован 15:3,7; 6:63.**

___

„Христос живее во Своите следбеници преку Својата Реч. Тоа е истата онаа животна врска која е симболично прикажана со земање на Неговото тело и Неговата крв. Христовите зборови се дух и живот. Прифаќајќи ги тие зборови, ние го примаме животот на Лозата. Тогаш живееме ’од секој збор што излегува од Божјата уста’. (Матеј 4:4) Христовиот живот во нас ги раѓа истите оние плодови кои се виделе во Него. Ако живееме во Христа, прилепувајќи се до Христа, ако Тој постојано не одржува и храни тогаш плодот што ќе го донесеме ќе биде сличен на Неговиот.“ — *Копнежот на вековите, стр. 677.*

**б. Објаснете како духовната хируршка интервенција ги преобразува нашите внатрешни мотиви и ставови додека се покоруваме на Божјото слово. Евреите 4:12; Псалм 51:10.**

___

„Божјите слуги мораат да изнесуваат одредено сведоштво што го погодува непрепороденото срце и го развива карактерот.“ — *Сведоштва за Црквата, том 1, стр. 249*.

„Библијата... е Божјиот глас кој секој ден ѝ зборува на душата... Улога на Светиот Дух е да го просветли замраченото разбирање, да го омекне срцето скаменето од себичност, да го потчини непокорниот престапник и да го спаси од изопачувачкото влијание на овој свет. Во молитвата за Своите ученици, Христос нагласува: ’Освети ги со Својата вистина, Твојата реч е вистина’. Божјата реч, како духовен меч, го прободува срцето на грешникот и го крши.“ — *Сведоштва за Црквата, том 4, стр. 441.*

„На сите што сакаат да му се покорат на Светиот Дух ќе им биде всадено ново животно начело; кај човечкиот род мора да се обнови загубениот божествен лик.“ — *Христовите поуки, стр. 96.*

„Кога се хранат со Неговата Реч, луѓето увидуваат дека таа е дух и живот. Речта ја уништува вродената земна природа и дава нов живот во Исуса Христа. Светиот Дух Доаѓа како Утешител на душата. Со помош на Неговата благодат што преобразува, во ученикот се репродуцира Божјиот лик и тој станува ново создание. Љубовта Доаѓа на местото на омразата, а срцето станува слично на Бога. Тоа значи да се живее ’од секој збор што излегува од Божјата уста’. Тоа значи да се јаде Лебот што слегува од Небото.“ — *Копнежот на вековите, стр. 391.*

## 5. ФРЛЕН ВО ОГАН ИЛИ ПОДРЕЗАН

Чет, 14. авг

**а. Што ќе направи Христос со верникот кој тврди дека пребива во Него, а не носи плод? Јован 15:2 (првиот дел).**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

„Иако калемот надворешно е споен со лозата, сепак може да не постои животна врска. Во тој случај нема да има раст ниту плод. Исто така, и човекот може да покажува надворешна врска со Христа без вистинска поврзаност со Него преку вера. Со исповедање на верата луѓето стануваат членови на црквата, но нивниот карактер и постапки покажуваат дали тие се поврзани со Христа. Ако не донесуваат род, тие се лажни лози. Нивната пропаст заради тоа што не одржуваат постојана врска со Христа е неминовна, исто така како што прачката која ќе се исуши не може да остане на лозата..“ — *Копнежот на вековите, стр. 676.*

**б. Што прави Христос со гранките што остануваат во Него? Јован 15:2 (последниот дел).**

__________________________________________________________

„Исус со свечена нежност ја објаснил целта на лозарот. Кастрењето ќе биде болно, но ножиците се во рацете на Отецот. Тој не работи со немилосрдна рака, ниту со рамнодушно срце. Има и такви прачки кои се влечат по земјата; тие треба да се одвојат од земјината подлога за која се прицврстиле со своите ластари и да се насочат кон небото, за да најдат своја потпора во Бога. Излишните лисја кои ги одземаат животворните сокови неопходни за плодот, треба да се отстранат. Премногу густите гранки треба да се отсечат за да не го спречуваат продирањето на исцелувачките зраци на Сонцето на праведноста. Лозарот ги сече штетните изданоци за плодот да биде поубав и пообилен.“ — *Копнежот на вековите, стр. 677.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Пет, 15. авг

1. **Како треба да останам во Христос?**
2. **Како можам да бидам поподготвен да ги примам благословите од Неговото „орезување“?**
3. **Кој ќе биде резултатот од ова „орезување“ во мојот живот?**
4. **Зошто Исус ја користи лозата како пример за оваа поврзаност?**
5. **Кој е темелот за плоден христијански живот?**

# Братска љубов

„Нова заповед ви давам: да се љубите еден со друг; како Јас што ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг“ (Јован 13:34).

**Предлагаме да прочитате:** *Христовите поуки, стр. 376–389.*

„Сите што се исполнети со Неговиот Дух ќе љубат како што љубеше Тој. Истиот принцип што Го движеше Христос ќе ги движи и нив во секое постапување еден со друг.“ — *Копнежот на вековите, стр. 678.*

## 1. НОВА ЗАПОВЕД

Нед, 17. авг

**а. Колку љубов ни покажал нашиот голем пример и какво значење има таа за Неговите следбеници? Јован 13:1 (последниот дел); 15:13.**

___

___

„Колку е широка, колку е совршена оваа љубов! Должноста на учениците била да се љубат еден со друг како што Христос ги љубел нив. Со тоа требало да сведочат пред светот дека Христос, надежта на славата, живее во нив. Во тоа време учениците не го разбирале новиот дел од оваа заповед; но по Христовите страдања, по Неговото распнување, воскресение и вознесение на небото, постепено почнале да сфаќаат што значи Божјата љубов, што значи љубовта што требало да ја покажуваат еден кон друг. Таа љубов се открила откако Светиот Дух слегол врз нив на денот на Педесетница.“ — *The Signs of the Times, October 20, 1898.*

**б. Кој е првиот плод на Светиот Дух и кои се доказите дека тој плод се усовршува во нас? Галатјаните 5:22; 1. Јованово 4:11-13; 3:18.**

___

___

„Совршенство на христијанскиот карактер се постигнува само со постојан стремеж на христијанинот да им помогне на другите и да им послужи на благослов.“ — *Делата на апостолите, стр. 551.*

**а. Во кој смисол Христос зборувал за братската љубов како за „нова заповед“? Јован 13:34.**

---

„За учениците оваа заповед била нова заради тоа што тие не се љубеле еден со друг онака како што Христос ги љубел нив. Тој видел дека со нив мораат да завладеат целосно нови идеи и нови побуди, дека мораат да спроведуваат нови начела во животот, преку Неговиот живот и смрт требало да стекнат поинаква претстава и нов поим за љубовта. Во Светлината на Неговата жртва, заповедта да се љубат еден со друг добила ново значење. Целокупното дело на благодатта е една постојана служба на љубов, самооткажување, еден постојан напор на самопожртвување. Божјата љубов се излевала преку Христа како незапирлива река за цело време на Неговиот престој на Земјата. Сите оние што се исполнети со Неговиот Дух ќе љубат онака како што љубел Тој. Во сите свои меѓусебни односи ќе се раководат според начелото со кое се раководел Христос.“ — *Копнежот на вековите, стр. 677, 678.*

**б. Што открива дека сме Божји деца и Христови пријатели? Римјаните 8:14; 1. Јованово 3:10.**

---

„Религијата се состои од исполнување на Христовите зборови, но не затоа за да ја стекнеме Божјата наклоност, туку затоа што, иако незаслужено, сме го примиле дарот на Неговата љубов. Христос не го заснова спасението на човекот само на неговите тврдења дека верува, туку на верата која се покажува во праведни дела. Од Христовите следбеници се очекува да чинат, а не само да зборуваат. Карактерот се изградува токму низ делата. ‘Сите оние што се управуваат по Духот Божји, се синови Божји’ (Римјаните 8:14). Синови Божји се оние кои Духот ги води, а не оние чии срца се моментно допрени со Духот, не оние кои од време на време се потчинуваат на Неговата сила.“ — *Мисли од Горатa на Благословите, стр. 149, 150.*

„Христовите следбеници по својот карактер и своите склоности треба да бидат слични на својот Учител. Тој е Пример, свет и совршен пример на кој христијаните секогаш треба да се угледаат. Неговите вистински следбеници ќе ги љубат своите браќа и ќе бидат во хармонија со нив. Тие ги љубат и сите свои останати ближни како што Христос им дал пример и подготвени се на секоја жртва за да осведочат и други да раскинат со гревот и да ја прифатат вистината.“ — *Сведоштва за Црквата, том 3, стр. 58.*

**а. Која титула Христос им ја доделува на Своите верни следбеници и зошто? Јован 15:15,14.**

---

„'Вие сте мои пријатели' вели Христос, 'ако го творите она што Јас ви го заповедам'. Тоа е услов кој сам Христос го поставил, тоа е тест со кој се проверува нашиот карактер." — *Сведоштва за Црквата, том 4, стр. 188.*

„Овие денови се денови на големи предности и свети обврски за Божјите слуги. Ако верно го чуваат она што им е доверено, голема ќе биде нивната награда кога Господарот ќе се пресмета со нив. Сесрдното залагање, несебичната работа, трпеливите, истрајни напори ќе бидат сериозно наградени. Исус ќе каже: Отсега не ве нарекувам слуги туку пријатели, гости. Господарот е задоволен, не поради големината на извршеното дело, не поради големата добивка, туку поради верноста во малите работи. Во Божјите очи не е толку значајна големината на резултатот кој го оствaруваме, колку што се важни побудите. Тој повеќе ја цени добрината и верноста, отколку големината на оствареното дело." — *Сведоштва за Црквата, том 2, стр. 510.*

**б. Со каква цел нѐ избрал Исус и какви одговорности се поврзани со таа привилегија? Јован 15:16,17.**

---

„Нашиот Спасител кон нас покажал љубов кон која човечката љубов не може никогаш ниту да се приближи. Кога сме биле претепани до смрт, Тој се сожалил над нас, не нѐ заобиколил, не нѐ одминал, не преминал на другата страна од патот, не нѐ оставил да пропаднеме беспомошни и без надеж. Не останал во својот свет, во својот среќен дом, во кој уживал љубов од сите небесни чети. Тој ги сфатил нашите насушни потреби, го презел нашиот случај, своите интереси ги изедначил со интересите на човештвото. Умрел за да ги спаси своите непријатели. Се молел за своите убијци. Се повикувал на својот пример кога им рекол на своите следбеници: 'Ова ви го заповедам: да се љубите еден со друг!' 'Ви давам нова заповед: да се љубите еден со друг; како јас што ве љубев вас, така и вие да се љубите еден со друг' (Јован 15:17; 13:34)." — *Христовите поуки, стр. 381, 382.*

„Ние можеме да го следиме Христа, можеме да тврдиме дека веруваме во секоја вистина на Божјата реч, но тоа на нашите ближни не ќе им донесе никакво добро ако нашето верување не е внесено во нашиот секојдневен живот." — *Христовите поуки, стр. 383.*

**а. Што им прави светот на Христовите пријатели? Јован 15:18,19.**

---

„Кога луѓето се меѓусебно здружени и поврзани не со сила или со лични интереси туку со љубов, тие ќе покажат делување на една сила која е повозвишена од човечката. Таквото единство претставува очигледен доказ дека Божјиот лик е обновен во човечкиот род, дека е всадено едно ново начело на животот. Тоа покажува дека во божествената природа постои сила која е во состојба да се спротивстави на натприродните сили на злото и дека Божјата благодат ја потчинува себичноста што е вродена во човечкото срце.

Таквата љубов покажана во црквата, сигурно ќе предизвика гнев кај сатаната. Христос не им укажал на Своите ученици на песна и удобна патека.“ — *Копнежот на вековите, стр. 678.*

**б. Зошто светот Го прогонуваше Христос, и зошто и Неговите следбеници се прогонувани? Јован 3:19,20; 15:20,21.**

---

„Помеѓу правдата и гревот, љубовта и омразата, вистината и лагата, се води постојана борба. Кога некој во својот живот ја открива Христовата љубов и убавината на светоста, тој на тој начин ги оттргнува поданиците од царството на сатаната, а кнезот на злото станува да му се спротивстави. Сите оние кои се исполнети со Христовиот дух ги очекува прогонство и понижување. Карактерот на прогонството се менува со текот на времето, но во основата на сето тоа се наоѓа оној ист дух кој почнувајќи од Авел, постојано ги прогонува Божјите избраници.“ — *Мисли од горатa на благословите, стр. 29.*

„Божјата вистина никогаш не била популарна во суетниот свет. Телесното срце дури и се противи на вистината. Му благодарам на Бога што мораме да се откажеме од љубовта кон овој свет, од суетата на срцето и од сè што води во идолопоклонство за да можеме да бидеме следбеници на Човекот од Голгота. Светот никогаш нема даги сака ниту почитува оние кои се покоруваат на вистината. Божествениот Учител, одејќи во понизност меѓу човечките синови, ги изговорил овие зборови: ‘Кој сака да биде Мој ученик, нека го земе својот крст и нека појде по Мене’. Да, да тргнеме по својот Пример. Дали Тој барал слава од луѓето? О, не! Дали тогаш ние треба да бараме слава или пофалба од суетниот свет? Оние кои немаат љубов кон Бога, нема да ги љубат ниту Неговите деца. Слушнете ги зборовите на небесната поука: ‘Тешко на вас кога сите добро ќе зборуваат за вас.’“ — *Сведоштва за Црквата, том 2, стр. 491.*

## 5. БОЖЕСТВЕНАТА ЉУБОВ ВО ЖИВОТОТ НА ВЕРНИКОТ — Чет, 21. авг

**а. Како апостол Павле прави разлика меѓу лажната и вистинската христијанска љубов? 1. Коринтјаните 13:1-8.**

____________________________________________

____________________________________________

„Без оглед на тоа колку сесрдно ја исповеда верата, човекот, чиешто срце не е исполнето со љубов кон Бога и кон ближните, не е вистински Христов ученик. И ако има силна вера, дури и моќ да прави чуда, а ако нема љубов, неговата вера е безвредносна. Таквиот човек може да биде мошне дарежлив; но кога од некоја друга побуда, а не од вистинска љубов, би го разделил сиот свој имот за да ги нахрани сиромасите, со таа постапка сепак не би заслужил Божјо признание. Таквиот човек во своето одушевување би можел дури и да умре со смрт на маченик, но ако на тоа не би го поттикнала љубов, Бог би го сметал за заблуден занесеник или за славољубив лицемер.“ — *Делата на апостолите, стр. 318.*

**б. Што треба да разбереме за карактеристиките што Христос ги пофалува во Откровение 3:10-12, како и за ветувањата што им се дадени на оние кои ги поседуваат?**

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

„Чистата и светата облека не е подготвена за некој да ја облече откако ќе помине низ портите на градот. Сите што ќе влезат, веќе ќе ја носат облеката на Христовата праведност, а Божјото име ќе биде видливо на нивните чела. Тоа име е симбол што апостолот го видел во визијата и претставува покорување на умот во разумна и верна послушност на сите Божји заповеди. Нема да има прикривање на гревови и недостатоци за да се сокрие изопаченоста на карактерот; ниту една облека нема да биде наполу испрана; сите ќе бидат беспрекорно чисти и без дамка.“ — *The Youth's Instructor, August 18, 1886..*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА — Пет, 22. авг

1. **Кои особини на божествената љубов Христос сака да ги развие во мене?**
2. **Што ме спречува да ја примам Христовата несебична љубов во целост?**
3. **Како Христовата заповед треба да биде нова за мене?**
4. **Зошто не треба да ме изненадат прогонствата?**
5. **Опиши ги благословите ветени за верниците во периодот на Филаделфија.**

# Мисијата на Светиот Дух

„А Тој, кога ќе дојде, ќе го изобличи светот за грев, и за правда, и за суд“ (Јован 16:8).

**Предлагаме да прочитате:** *Сведоштва за Црквата, том 8, стр. 14–23.*

„Светиот Дух и зборува на душата преку Светото Писмо и ја втиснува вистината во срцето. На тој начин Тој ја разоткрива заблудата и ја протерува од душата. Со Духот на вистината, кој делува преку пишаната Божја Реч, Христос ги потчинува Своите избраници.“ — *Копнежот на вековите, стр. 671.*

## 1. „НЕМА ДА ВЕ ОСТАВАМ СИРАЦИ“ — Нед, 24. авг

**а. Со какви тешкотии ќе се соочат учениците по Христовото вознесение? Јован 16:1-3.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Господ знае сѐ за Своите верни слуги кои поради Него лежат во затвор или се прогонети на осамени и пусти острови. Тој ги теши со Своето присуство. Кога верникот заради вистината ќе се најде на обвинителна клупа и тоа пред неправедни судии, Христос стои покрај Него. Секое обвинување против него, паѓа на Христа. Христос повторно се осудува во лицето на ученикот. Кога некој од нив ќе се најде како затвореник меѓу затворските решетки, Христовата љубов го исполнува срцето со свет занес.“ — *Копнежот на вековите, стр. 669.*

**б. Каква сигурност им е ветена на учениците и на кој начин? Јован 14:18; 15:26.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„[Христос] одлучил на Своите следбеници да им го испрати Својот претставник – третото лице на Божеството. Тоа бил ненадминат дар. Тој сакал преку овој единствен дар да им ги даде и сите останати дарови, па затоа, Светиот Божји Дух, Кој ја осведочува и обраќа душата, Кој има сила да го просветли и да го посвети примателот, единствено можел да биде Неговиот дар ветен на учениците.“ — *Мојот живот денес, стр. 36..*

**а. Која разлика ќе настане во односот помеѓу Христос и Неговите следбеници по Неговото вознесение? Јован 16:7.**

„Од тогаш Христос требало постојано да живее со Духот во срцето на своите деца. Нивната врска со Него сега била потесна отколку кога Тој лично бил со нив. Од нив светела светлината, љубовта и силата на Христа кој живеел во нив.“ — *Патот кон Христа, стр. 75.*

**б. Кое далекусежно дело ќе го врши Светиот Дух за грешниците? Јован 16:8-11.**

„Духот е даден како сила за обновување и повторно раѓање со цел спасението стекнато со смртта на нашиот Откупител да го стори делотворно. Духот постојано настојува вниманието на луѓето да го насочи кон големата жртва принесена на крстот на Голгота, на светот да му ја открие Божјата љубов, а на осведочената и обратена душа убавината и драгоценоста на Светите списи.

Доведувајќи ја душата во ситуација да ја увиди и да ја сфати својата грешност, и предочувајќи му го на умот мерилото на правдата, Духот ја одвраќа нашата љубов од земното и нѐ исполнува со копнеж за светост. „Ќе ве упати на секоја вистина“ (Јован 16:13), рекол Спасителот. Ако луѓето сакаат да се потчинат на Неговата сила, Духот ќе изврши посветување на целото суштество. Во душата на човекот Духот ќе го втисне божественото. Со Неговата сила патот на животот ќе стане толку јасен, што никој не мора да заталка.“ — *Делата на апостолите, стр. 52.*

**б. Кое друго важно дело ќе го изврши Духот пред светот? Јован 15:26.**

„Светиот Дух ќе се обедини со сведоштвото на живите сведоци за да му ја објави на светот опомената. Божјиот работник е орудие преку кое се даваат небесните пораки, а Светиот Дух дава божествен авторитет на зборовите на вистината што тој ги пренесува.“ – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 6, p. 1053.*

**а. Освен Светиот Дух, кој уште ќе сведочи за Христа? Јован 15:27; 1. Јованово 1:1-3. На кој начин?**

„Деловниот човек може така да ги води своите работи, за со својата верност да го прослави својот Учител. Ако е вистински Христов следбеник, тогаш својата религија ќе ја внесува во сето она што го прави и на луѓето ќе им го открива Христовиот Дух. Механичарот може да биде вреден и верен претставник на Оној што напорно работел, занимавајќи се со својата скромна животна професија меѓу галилејските ритчиња. Сите оние што се нарекуваат со Христовото име, треба да работат така, за и другите, гледајќи ги нивните добри дела, да бидат поттикнати да го слават својот Творец и Откупител...

Со дух на љубов и најскромните животни должности можеме да ги извршуваме 'како за Господа' (Колосјаните 3:23). Ако Божјата љубов се наоѓа во срцето, ќе се покаже и во животот. Околу себе ќе шириме пријатна Христова атмосфера и со своето влијание ќе ги облагородуваме другите и ќе им бидеме на благослов." — *Патот кон Христа, стр. 82, 83.*

**б. Кое особено ветување за идните времиња му е дадено на Божјиот народ во Стариот Завет, преку пророкот Јоил? Јоил 2:28,29.**

---

**в. Кога и на кој начин е ова ветување делумно исполнето? Дела 2:1-7,16-18.**

---

„Христовото вознесение на небото претставувало знак дека неговите следбеници ќе го добијат ветениот благослов. Токму тоа тие и го очекувале пред да пристапат кон своето дело. Враќајќи се повторно на небото, Христос бил свечено устоличен со најдлабока почит и обожавање од страна на сите ангели. Штом завршил овој обред, Светиот Дух слегол во обилни млазеви врз учениците и Христос навистина е прославен со славата што ја имал со Отецот од создавањето на светот. Излевањето на Светиот Дух на денот Педесетница претставувало небесно соопштение дека е извршено крунисување на Откупителот. Според даденото ветување, Тој на своите следбеници им го пратил од небото Утешителот како доказ дека Тој, во својство на свештеник и цар, ја примил сета власт на небото и на земјата и дека овде навистина бил Помазаник над својот народ." — *Делата на апостолите, стр. 38, 39.*

**а. Како знаеме дека ветувањето од Јоил 2:28,29 се однесува и на нас? Дела 3:19.**

---

„Ова ветување се однесува на нас исто толку колку и на нив. И сепак, колку ретко се зборува пред црквата за ова ветување и за неговото исполнување! Поради тоа молчење за оваа најважна тема, за кое друго ветување, врз основа на лично искуство, знаеме помалку отколку за ветувањето за дарот на Духот, од кого зависи успехот во секоја наша работа? Ветувањето за Светиот Дух се споменува само случајно, се допира во проповедите, и толку. Се задржуваме на пророштва, се објаснуваат доктрини, а она што е суштинско за црквата духовно да расте и успешно да делува, за проповедта да има сила што осведочува и обрнува души кон Бога, најчесто се губи од вид.“ — *Testimonies to Ministers, p. 174.*

„Кога членовите на црквата ќе се пробудат и ќе почнат да го прават тоа што можат, тргнувајќи во борба на сопствен трошок и кога со сите свои сили ќе се трудат да придобијат души за Исуса, ќе видиме како ги напуштаат редовите на сатаната и како застануваат под Христовото знаме. Ако нашиот народ е подготвен да делува во согласност со вистината што ни е дадена во овие неколку зборови на поука, сигурно ќе го видиме спасението од Бога. Ќе настапи чудесно будење. Грешниците ќе се обратат и многу души ќе пристапат на црквата. Ако своето срце и својот живот го доведеме во единство со Христа и во согласност со Неговото дело, Духот кој слегол на учениците на денот на Педесетница ќе се излие и врз нас.“ — *Сведоштва за Црквата, том 8, стр. 246.*

**б. Што треба да биде нашата најголема грижа денес и за што треба искрено да се молиме на Господа? Јован 16:12-14; Захарија 10:1.**

---

---

„О, колку многу на сите нас ни е потребно крштевање со Светиот Дух! Тогаш ќе работиме постојано како што работеше Христос – со кроткост, разбирање и сочувство, покажувајќи љубов кон грешникот, а во целост мразејќи го гревот.“ — *Evangelism, p. 369.*

„Во Божјиот народ мора да дојде до будење за Неговото дело да може да напредува со сила. Потребно ни е крштевање со Светиот Дух. Треба да знаеме дека Бог ќе му приклучи на Својот народ способни и влијателни луѓе кои ќе учествуваат во пренесувањето на опомената на светот.“ — *Evangelism, p. 558, 559.*

## 5. ПОДГОТОВКА

Чет, 28. авг

**а. Како треба да се подготвиме за излевањето на Светиот Дух во силата на позниот дожд? Осија 6:1-3.**

__________________________________________________

__________________________________________________

„Видов дека мнозина ја занемаруваат толку потребната подготовка очекувајќи дека ‘освежувањето’ или ‘позниот дожд’ ќе ги оспособи да опстанат во Господовиот ден и да живеат во Негово присуство. О, колку ли само сум видела од нив во времето на неволјите без Божја заштита! Тие ја занемаруваат потребната подготовка, па затоа нема да можат да го примат ‘освежувањето’ кое сите мораат да го примат за да можат да живеат во присуството на Светиот Бог. Оние кои одбиваат да бидат ‘кастрени’ од страна на пророците, и не ја чистат својата душа покорувајќи се на целата вистина, и кои се наклонети да веруваат дека нивната состојба е далеку подобра отколку што навистина е, ќе се разбудат дури во времето на седумте зла и ќе увидат дека тоа „кастрење” и обликување било неопходно за нив за да бидат подготвени за Божјата градба. Меѓутоа, повеќе нема да има време за каква и да е промена, повеќе нема да има Посредник да ги застапува пред Бога. Пред тоа време ќе одекне страшната и свечена изјава: ‘Кој чини неправда, нека прави уште неправда; и кој е нечист, уште нека се онечистува; и кој е праведен, уште нека чини правда; и кој е свет, уште нека се осветува’. (Откровение 22:11). Видов дека во ‘освежувањето’ ќе учествуваат само оние кои што ќе победат и ќе го оттргнат секој вкоренет грев: гордост, себичност, љубов кон светот и секој лош збор и постапка. Заради тоа мораме сè повеќе да се приближуваме кон Господа и сесрдно да настојуваме да извршиме неопходна подготовка која што ќе ни овозможи да опстанеме во борбата во денот Господов. Да имаме сите на ум дека Бог е свет и дека никој со исклучок на светите битија не може да престојува во Негово присуство.“ — *Рани Списи, стр. 71.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Пет, 29. авг

1. **Кое дело го врши Светиот Дух во мене и како сака Тој да ме употреби уште повеќе како орудие во Божјите раце?**
2. **Што можеби ме спречува да го примам Светиот Дух во целост?**
3. **Која е мојот удел во помагањето на Заедницата да ја прими полнотата на Духот?**
4. **Објасни ги задачите на Светиот Дух на оваа земја.**
5. **Опиши ги исполнувањата на ветувањето од Јоил 2:28-32.**

# Дар од првата сабота

Сабота, 6. септембар 2025.






## За школата во градот Махоко, Руанда

Република Руанда е држава во источна Африка која се граничи со Танзанија, ДР Конго, Уганда и Бурунди. Економијата во Руанда доживеала подем во раните години на 21. век, благодарение на извозот на кафе и чај, како и земјоделски производи, сапуни, енергија, флаширана вода и други производи. Позната и како „земја на илјада ридови“, Руанда во последно време привлекува туристи со својата убавина – особено со реките и езерата, вклучувајќи ги и оние во близина на градот Махоко, каде што ја основавме нашата школа.

Со повеќе од 13 милиони жители, јазиците што се зборуваат овде се локалниот кињаруанда, француски, англиски (службен јазик што го користи повеќе од 20% од населението) и свахили. Католиците сочинуваат 43,7% од населението, 37,7% се традиционални протестанти, 11,8% се адвентисти на седмиот ден (посебна категорија од другите протестанти), муслимани се околу 2%, а потоа следуваат и некои други, помали религии.

И покрај сета религиозност во овој регион, во свет што брзо пропаѓа, гледаме голема потреба да вложуваме во темелно воспитување на нашите деца.

„Воспитувањето е обучување за служба. Секој Божји син и ќерка е повикан да биде мисионер; повикани сме да Му служиме на Бога и нашите ближни; и целта на нашето воспитување треба да биде пракса, која ќе нè оспособи за оваа служба.“ — *Здравје и среќа, 395.*

Бидејќи нашите деца се бомбардирани со работите од овој свет, станува сè потешко да ги заштитиме од лукавствата на непријателот. Она што некогаш било ограничено достапно, нашите деца сега буквално го имаат на дофат преку „паметните“ телефони и другите уреди. Како можеме да бидеме подготвени за делото на евангелизацијата, ако ни самите наши деца не се подготвени за тоа? Уште поголема грижа ни претставува фактот што нашите деца кои посетуваат државни училишта се принудени да посетуваат настава во сабота. Потребата, значи, е итна.

Бидејќи нашите финансиски средства се недоволни, љубезно апелираме до нашата браќа ширум светот да ни помогнат со своите донации за оваа училишна зграда.

Кога ќе ги собираме даровите од првата сабота, ве молиме дарувајте великодушно, за Бог да може да биде прославен преку овој училишен проект, овде, меѓу илјадниците ридови. Нашата молитва е Господ обилно да ги благослови даровите и дарителите!

*Вашите браќа и сестри од Руанда*

# Христос се моли за учениците (1)

„Јас за нив се молам; не се молам за сиот свет, туку за оние што си Ми ги дал, зашто се Твои. И сè Мое е Твое, и Твоето - Мое, и се прославив во нив“ (Јован 17:9, 10).

**Предлагаме да прочитате:** *Сведоштва за Црквата, том 5, стр. 737–746.*

„Оваа молитва (во Јован 17) дава поука во однос на посредништвото што нашиот Спасител го врши зад завесата, каде што Неговата голема жртва – самопожртвувањето во корист на човекот – треба да биде довршена.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 5, p. 1145.*

## 1. ХРИСТОВАТА ПОСЛЕДНА МОЛИТВА СО СВОИТЕ УЧЕНИЦИ — Нед, 31. авг

**а. Откако Исус го завршил поучувањето на Своите ученици, што направил со нив за последен пат? Јован 17:1,9.**

__________________________________________

__________________________________________

„[Јован 17:1–6 цитиран.] Ова била последната молитва на Христос со учениците, изговорена непосредно пред Неговото заминување во градината Гетсиманија, каде што бил издаден и фатен.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 5, p. 1145.*

**б. Што открива Христос на почетокот од Својата молитва? Јован 17:1, 2.**

__________________________________________

__________________________________________

„„Во седумнаесеттото поглавје на Евангелието според Јован јасно се зборува за личноста на Отецот и Христос, и за нивниот меѓусебен однос.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 5, p. 1145.*

„Проучувајте го со молитва седумнаесеттото поглавје од евангелието според Јован. Тоа не треба само да се чита одново, туку со тие вистини треба да се храниме и да им се прилагодиме.“ — *Сведоштва за Црквата, том 8, стр. 80.*

**а. Која основна вистина ја изговорил Исус како темел на вечниот живот? Јован 17:3.**

„Познавањето на Бога, како што се открило во Христа, претставува знаење што мора да го имаат сите кои сакаат да бидат спасени. Тоа сознание води кон целосна преобразба на карактерот. Прифатено во животот, тоа ќе ја преобрази душата во Христов лик. Тоа е знаење со кое, според Божјата намера, треба да се здобие секое негово дете и без кое сè друго претставува само суета и ништожност.“ — *Делата на апостолите, стр. 475.*

„Исус рекол: ‘Бидејќи Таткото Сам ве сака’ (Јован 16:27). Ако нашата вера во Бога се зацврсти преку Христа, таа ќе се покаже ‘за нашата душа цврста и сигурна котва, и кој влегува дури зад завесата, каде што Исус влезе најнапред за нас’ (Евреите 6:19,20). Вистина е дека ќе доживуваме разочарувања, дека мораме да очекуваме неволи, но сето тоа треба да му го препуштиме на Бога, без разлика дали е мало или големо. Тој нема да се збуни од нашите бројни и разновидни жалби, ниту нашето бреме ќе Му биде претешко. Тој се грижи за секое семејство и го штити секој поединец, Тој сочувствува со нас во секоја наша грижа и жалост. Тој ја забележува секоја солза и има сомилост кон нашите слабости. Сите неволи и искушенија што нè снаоѓаат, Тој ги дозволил од љубов кон нас, за да ги спроведе Своите намери, „да станеме учесници во Неговата светост“, а со тоа и соучесници во радоста што ја дава Неговото присуство.“ — *Сведоштва за Црквата, том 5, стр. 742.*

**б. Што значи да се познава Христос, и каков е резултатот од таквото знаење? Спореди Осија 6:3 и Јован 17:3.**

„Можеме да Го познаеме Бога само преку познавање на Христос... Да се познава Христос на спасоносен начин значи да се оживее со духовно разбирање, да се применат Неговите зборови на дело. Без тоа, сè друго ќе биде залудно.

„Христос дојде на овој свет за да Го открие Отецот. Какво трпение, каква нежна сочувствителност, какво божествено сожалување, каква истрајност на намерата покажа Тој! Тој не се повлече, ниту беше обесхрабрен. Тој беше олицетворение на чистота; Неговата љубов е неспоредлива. На секој чекор пројавуваше самоодрекување и самопожртвување. Со Својата смрт, Тој се откри како помирител меѓу Бога и луѓето.“ — *The Signs of the Times, January 27, 1898.*

„Да се познава Бог, значи да се љуби Бог.“ — *Копнежот на вековите, стр. 22.*

**а. Во што се состоеше Христовиот живот на земјата додека ја извршуваше Својата мисија? Јован 17:4.**

---

„Извршувајќи ги Своите милосрдни дела, Исус се трудеше да им ја открие на луѓето Божјата родителска, добронамерна природа. Поучувајќи ги луѓето, во сите Свои поуки се стремеше да ја нагласи прекрасната вистина дека ‘Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот.’ Исус сакаше да ја разбереме љубовта на Отецот, и затоа се обидуваше да нè привлече кон Него, откривајќи ни ги Неговите родителски доблести...

Исус дојде на овој свет за преку Својот живот да го прикаже Божјиот карактер. Тој навистина расчисти со погрешните толкувања што потекнуваа од сатаната и ја откри Божјата слава. Само живеејќи меѓу луѓето можеше да ја открие милоста, сочувството и љубовта на Својот небесен Отец; бидејќи единствено преку дела на добрина можеше да ја изрази Божјата благодат.“ — *Sons and Daughters of God, p. 139.*

**б. Што Го замоли Исус Отецот на крајот од Својата овоземна мисија? Јован 17:5.**

---

„Христос во оваа молитва не бара да се прослави Неговата човечка природа; бидејќи таа човечка природа не постоела во Неговата преегзистенција. Неговата молитва се однесува на славата што ја имал во Своето првобитно единство со Бог. Во својство на посредник, Тој усрдно моли за пројавување на онаа божествена слава што ја поседувал кога бил едно со Бог. Нека се тргне завесата, молеше Тој, и нека засвети Мојата слава – славата што ја имав кај Тебе пред да настане светот.“ — *The Signs of the Times, May 10, 1899.*

„Овој свет е само атом меѓу бесконечните светови со кои управува Бог, а сепак тој малечок грешен свет таа една загубена овца е поскапоцен во Неговите очи од деведесет и девет светови кои не заталкале од стадото. Омилениот Заповедник во небесните дворови, Исус, ја напуштил својата висока положба, ја одложил славата што ја имал кај Отецот за да го спаси тој еден загубен свет. Ги оставил безгрешните светови во вселената, деведесет и девет такви што го љубеле, и дошол на оваа земја да биде ‘изнаранет за нашите гревови и мачен заради нашите беззаконија’ (Исаија 53:5). Во својот Син Бог се дал себеси за да може да ја ужива радоста кога ја прима загубената овца која се враќа.“ — *Христовите поуки, стр. 190, 191..*

**а. Дружејќи се со Христос, какво уверување стекнале учениците во однос на Неговите зборови? Јован 7:17; 17:7. Која е нашата должност денес?**

---

„Оние кои копнеат да ја запознаат вистината и да ја разберат Божјата волја и кои совесно ги исполнуваат своите секојдневни должности ќе бидат сигурни што се однесува до учењето, бидејќи се упатени во секоја вистина. Бог не ветува дека луѓето со некоја неодолива сила на Своето провидение ќе ги доведе до познавање на вистината, доколку тие сами не ја бараат вистината во желба да ја сфатат. На луѓето им е дадена слобода на избор: да го прифатат делувањето на Божјиот Дух во својата душа или да го задушат. Тие можат да бидат послушни преку името и благодатта на нашиот Откупител, а можат да бидат и непослушни и за тоа да сносат неизбежни последици. Човекот е одговорен за тоа: дали ќе прими или пак ќе ги отфрли светите и вечни вистини. Божјиот Дух не престанува да ги осведочува луѓето, а тие сами одлучуваат дали ќе бидат за, или против вистината.“ — *Сведоштва за Црквата, том 3, стр. 427, 428.*

**б. Што му рекол Исус на Својот Отец за верата на апостолите? Јован 17:8. Како овие зборови се применуваат и на нас денес?**

---

„[Цитирани: Јован 17:3, 8.] Ова е делото што ни е доверено – да бидеме Христови претставници, како што Тој беше претставник на Отецот во нашиот свет. Ние треба да ги поучуваме другите со зборовите што ни се дадени во Христовите поуки... Се наоѓаме во ден на очистување, кој не е симболичен, и треба не само да ги понизиме своите срца пред Бога и да ги исповедаме своите гревови, туку и, со помош на сите наши воспитни таленти, да се стремиме да ги поучиме сите со кои доаѓаме во допир, и преку поука и пример да ги наведеме да Го познаат Бога и Исуса Христа, Кого Тој Го испрати.“ — *Christian Education, p. 157.*

**в. За кого особено ја упатил Исус Својата молитва во Јован 17? Јован 17:9,20.**

---

---

„(Христос) посредува за најпониженте, најугнетените, за страдалниците, за оние кои се најмногу искушувани.“ — *Our High Calling, p. 49.*

## 5. ХРИСТОС ПРОСЛАВЕН ВО СВОИТЕ УЧЕНИЦИ

Чет, 4. сеп

**а. На кој начин Исус се прославува преку Своите ученици? Јован 17:10, 11. Што е неопходно за извршување на ова дело?**

---

„Христос сака небесниот поредок, небесниот план на владеење и небесната божествена хармонија да бидат прикажани во Неговата црква на Земјата. На тој начин Тој ќе биде прославен во Своите следбеници. Преку нив зраците на Сонцето на праведноста ќе го осветлат светот со непоматен сјај. Христос и дал изобилни предности на Својата црква за Тој да може да прими голема добивка на слава од Својата избавена, откупена сопственост. Тој на Своите следбеници им подарил способности и благослови за да го прикажуваат неисцрпното богатство на Неговата моќ. Црквата, надарена со Христовата праведност, е Негов склад и во неа богатствата на Неговата милост, благодат и љубов треба да се појават во својот најголем сјај. Во Својот народ, во неговата чистота и совршенство, Христос ја гледа наградата за Своето понижување и додатокот на Својата слава Христос, Големиот Центар од Кого зрачи сета слава." — *Копнежот на вековите, стр. 680.*

„Само ако беа соединети со Христос, учениците можеа да се надеваат на придружната сила на Светиот Дух и на соработката на ангелите од небото. Со помош на овие божествени агенции, тие ќе му го претставеа на светот едно обединето лице и ќе беа победоносни во борбата што требаше постојано да ја водат против силите на темнината. „Продолжувајќи и натаму да дејствуваат така обединето, небесните гласници оделе пред нив и им го отворале патот, а срцата биле подготвени да ја примат вистината и мнозина биле придобиени за Христа. Сè додека биле така обединети, црквата била „убава како месечина, чиста како сонце, страшна како војска со знамиња" (Песна над песните 6:10). Ништо не можело да го запре ниту да го спречи нејзиното ширење. Таа напредувала од победа во победа, исполнувајќи ја славно својата од Бога одредена мисија - објавување на евангелието на светот." — *Делата на апостолите, стр. 90, 91.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Пет, 5. сеп

1. **На кој начин личното познавање на Христос може да влијае на мојата судбина?**
2. **Како моето христијанско искуство може да се икористи како воспитно средство во Божјите раце?**
3. **Што можам да направам за потполно да Го прославам Христос?**
4. **Во какви околности Исус последен пат се молеше со Своите ученици?**
5. **Објасни ги причините за Христовото прво доаѓање.**

# Христос се моли за учениците (2)

„И им го објавив името Твое, и ќе го известувам, та љубовта, со која Ме возљуби Ти, да биде во нив, и Јас во нив“ (Јован 17:26).

**Предлагаме да прочитате:** *Посветен живот, стр. 61–69.*

„Како посветен Првосвештеник, Тој посредува кај Таткото за Својот народ. Како верен Пастир, Тој го собрал Своето стадо под сенката на Семоќниот, во силно и сигурно засолниште. Нему непосредно Му претстоела последната битка со сатаната и Тој тргнал напред да се соочи со неа.“ — *Копнежот на вековите, стр. 680.*

## 1. ОБЕДИНЕТИ ВО ХРИСТОС

Нед, 7. сеп

**а. Која работа, неопходна за успехот на црквата, Исус ја спеменува повеќепати во Својата посредничка молитва? Јован 17:11 (последниот дел), 21-23.**

---

„[Христос] исто така се молел Неговите ученици да бидат едно, како што Тој е едно со Таткото, за тоа единство да претставува сведоштво за светот дека Тој ни е испратен и нам, и тоа да биде очевиден доказ за Неговата милост.“ —*Мојот живот денес, стр. 252.*

„Ако му се приближиме на Бога, поединечно, зар нема да видиме каков ќе биде резултатот од тоа? Зар нема да забележиме дека сме се приближиле и еден до друг? Не е можно да му се приближиме на Бога и да дојдеме до подножјето на истиот крст, а притоа да не дојдеме и до совршено меѓусебно единство.“ — *Our High Calling, p. 96.*

**б. На кој начин црквата може да го постигне и зачува тоа единство? 1. Јованово 1:7.**

---

„Единството на верниците со Христа природно ќе доведе до меѓусебна слога и таа врска е најтрајна на земјата. Ние сме едно во Христа како што Христос е едно со Таткото. Христијаните се прачки, и само прачки на живата Лоза.“ —*Сведоштва за црквата, том. 5, стр. 47.*

**а. Што вели Христос за Своите ученици и за светот? Јован 17:13,14. Зошто светот ги прогонува?**

---

„Првите христијани навистина биле посебен народ. Нивното беспрекорно однесување и нивната непоколеблива вера претставувале постојан укор кој го нарушувал мирот на грешниците. Иако малубројни, без богатство, положба и почесни титули, тие насекаде, за оние што правеле зло биле страв и трепет, насекаде каде што нивниот карактер и нивното учење биле познати. Затоа безбожниците ги мразеле, исто така како што безбожниот Каин го мразел Авела. Оние што сакале да се ослободат од секакво ограничување од страна на Светиот Дух, го убивале Божјиот народ од истата причина со која се раководел Каин кога ја подигнал раката на својот роден брат. Од иста причина Евреите го отфрлиле и го распнале Спасителот, затоа што чистотата и светоста на Неговиот карактер биле јавен укор за нивната себичност и расипаност. Од Христовите денови па сè до ден-денес, Неговите верни ученици предизвикувале омраза и противење кај оние кои го сакаат патот на гревот и одат по него.“ — *Големата борба, стр. 46.*

**б. Који је Божји план за Његову децу када је у питању утицај овог света? Јован 17:15,16.**

„Спасителот со личен пример покажал дека неговите следбеници можат да бидат во светот, а сепак да не бидат од светот. Тој не дошол да земе учество во мамливите световни задоволства, не сакал да ги следи неговите обичаи и неговата пракса, туку да ја исполнува волјата на Отецот, да го бара и да го спаси она што е загубено. Имајќи ја пред себе таа цел, христијанинот може да остане чист, неизвалкан во својата околина. Какви и да биле неговите животни околности, без оглед дали неговата општествена положба е висока или скромна - христијанинот ја покажува силата на вистинската вера со верно исполнување на својата должност." —*Делата на апостолите, стр. 467.*

„Во светот нема доволно вистински христијани; тие ѝ се потребни и на црквата и на општеството. Христос се молел за Своите ученици: ‘Не се молам да ги земеш од светот, туку да ги запазиш од злото’ (Јован 17:15). Исус знае дека ние во светот сме изложени на неговите искушенија, но Тој нè љуби и ќе ни подари благодат да ги победиме сите лоши влијанија. Тој сака да имаме совршен карактер за да не расипуваме другите со нашите недостатоци." —*Сведоштва за црквата, том 5, стр. 333.*

**а. Што прави вистината за оние кои ја познаваат и ѝ се покоруваат? Јован 8:32; 17:17.**

„Примена во срцето, квасецот на вистината ќе ги регулира желбите, ќе ги исчисти мислите и ќе го заслади расположението...

Божјата реч треба да го посветува нашето дружење со сите припадници на човечкото семејство. Квасецот на вистината нема кај нас да поттикнува дух на соперништво, себично честољубие и желба за први места. Вистинската небесна љубов не е ниту себична ниту променлива. Таа не зависи од човечките пофалби. Срцето на оној што ја прима Божјата милост е преполно со љубов кон Бога и кон оние за кои Христос умрел. Неговото себично „јас“ не се бори да биде признато. Тој не ги сака другите затоа што тие го сакаат него или затоа што му угаѓаат, затоа што ги ценат неговите заслуги, туку затоа што се Христова откупена сопственост. Доколку другите погрешно ќе ги сфатат или погрешно ќе ги протолкуваат неговите побуди и неговите зборови и постапки, тој не се навредува, туку продолжува да оди по истиот урамнотежен пат во животот. Тој е љубезен и промислен, не бара никаква лична слава и признание и секогаш е полн со доверба во Божјата милост и љубов." —*Христовите поуки, стр. 101.*

**б. Која е дефиницијата на вистината? Псалм 119:142.**

„Вистината, каква што е во Исус, претставува покорување кон секој Јеховин пропис. Тоа е дело на срцето. Библиското посветување не е како лажните посветувања на денешницата што не ги наведуваат луѓето да ги истражуваат светите списи, туку се потпираат на чувства и импулси наместо да ја бараат вистината како скриено богатство. Библиското посветување значи да се запознаат Божјите закони и да им се покориме." — *Lift Him Up, p. 152.*

**в. На кој начин можеме да бидеме посветени преку вистината? Јован 17:19; 16:13 (првиот дел).**

„Христос вели дека Тој се посветил за нас за да можеме и ние да станеме свети. Тој ја зел на себе нашата природа и им станал беспрекорен пример на луѓето. Тој не погрешил во ништо за да можеме ние да станеме победници и како такви да влеземе во Неговото царство. Тој и за нас Му се моли на Својот Татко: ‘Посвети ги со вистината’. Што е всушност вистината? ‘Твоето Слово е вистината’, нагласува Тој. Неговите ученици навистина треба да бидат потполно посветени на таа вистина." — *Мојот живот денес, стр. 252.*

**а. Како знаеме дека Христос нè вклучил и нас во Својата посредничка молитва? Јован 17:20.**

___

___

„Сè што Христос бил за своите ученици, Тој сака да биде и за своите деца денес." —*Патот кон Христос, стр. 75.*

„Христовите откупеници се Негови скапоцени камења, Негово драгоцено и посебно богатство." —*Сведоштва за црквата, том 6, стр. 309.*

**б. Каква увереност имаме дека Христос и денес бдее над нас преку Својот Свет Дух? Јован 14:16.**

___

___

„Зборовите изговорени на учениците ни се упатени и нам. Утешителот ни припаѓа и нам исто толку колку и ним. Духот дава сила и во секоја потреба и изненадување ги крепи душите кои, во светот полн со омраза и злоба, се свесни за своите недостатоци и грешки. Кога пред нас сè изгледа темно, кога сме тажни, немоќни и осамени - тоа е време кога Светиот Дух, одговарајќи на молитвите изговорени со вера, му носи утеха на срцето." —*Делата на апостолите, стр. 51.*

„Во часот на најголема потреба и неволја, кога обесхрабрувањето ја обзема душата, будното Христово око ќе види дека ни е потребна Неговата помош. Времето кога човекот е во неволја и кога најмногу му е потребна помошта, за Бога е вистинска прилика да му ја укаже неопходната помош. Кога секоја човечка помош и поддршка ќе изостане, тогаш доаѓа Исус за да ни помогне, и со Своето присуство ги растерува облаците на мракот и тагата." – *Сведоштва за Црквата, том 5, стр. 530.*

**в. Која желба ја изговорил Исус за Својот народ на крајот од Својата молитва? Јован 17:24.**

___

___

„Пред да бидат поставени темелите на оваа Земја, Таткото и Синот се согласиле со свечен завет дека ќе го спасат човекот доколку тој биде измамен од сатаната. Ги стегнале Своите раце во свечен завет дека Христос ќе стане гаранција за човечкиот род. Христос целосно го исполнил тој завет." — *Копнежот на вековите, стр. 834.*

## 5. ДА ГО ПОЗНАЕМЕ НЕГОВОТО ИМЕ — Чет, 11. сеп

**а. Како треба да Го откриваме Отецот преку Христос? Јован 17:25,26.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Христос изјавува дека е пратен во светот како претставник на Отецот. Во благородноста на Својот карактер, во Својата милост и нежно сочувство, во Својата љубов и добрина, Тој стои пред нас како отелотворување на божественото совршенство, слика на невидливиот Бог." — *Сведоштва за црквата, том 5, стр. 739.*

**б. Каква фокусираност во животот секогаш треба да одржуваме? Еремија 9:23,24. Јеремија 9:23,24.**

____________________________________________________________

„Никакво фалење со сопствените заслуги не е на место.

Заповедта не гласи — нека се фали оној што се фали со себе, туку — нека се фали со Господ... Затоа, нема никаква основа луѓето да си ја припишуваат пофалбата на себе. За секој благослов што го уживаат, за секоја добра особина што ја имаат, можат да ѝ заблагодарат на Христовата благодат. Никој не смее да се возвишува себеси и да си припишува мудрост или праведност...

Оние што стекнале најдлабоко искуство со Бог се најдалеку од гордост или самовоздигнување. Тие имаат најскромно мислење за себеси, а највозвишено разбирање за Христовата слава и Неговото совршенство... Кога нашите очи се насочени кон небото, кога имаме јасна слика за Христовиот карактер, во своите срца ќе Го воздигнуваме Господ Бог.

Кога некој ќе се запознае со историјата за Искупителот, во себе открива сериозни недостатоци; неговата несличност со Христос е толку голема што ја согледува потребата за темелна промена во својот живот. И продолжува да проучува, со голема желба да стане сличен на Својот голем Пример." — *Sons and Daughters of God, p. 235.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА — Пет, 12. сеп

1. **Што можам да направам за да го унапредам единството меѓу браќата?**
2. **На кој начин можам да имам корист од Христовата молитва за Неговите ученици?**
3. **Како можам да развијам подлабоко познавање на Божјото име?**
4. **Објасни ги Христовите зборови: „Тие не се од светот."**
5. **Сумирај ја библиската дефиниција на вистината.**

# Христовото приведување

„Но Исус му рече на Петар: ‘Стави го ножот во ножницата. Зар да не ја испијам чашата што Ми ја даде Отецот’“ (Јован 18:11).

**Предлагаме да прочитате:** *Рани списи, стр. 165–168.*

„Настапил страшниот момент — момент во кој се решавала судбината на светот.“ — *Копнежот на вековите, стр. 690.*

## 1. СВЕЧЕН МОМЕНТ
Нед, 14. сеп

**а. Кога Исус ја завршил Својата посредничка молитва, каде отишол со Своите ученици и со каква цел? Јован 18:1; Матеј 26:36.**

______________________________________________

______________________________________________

**б. Обраќајќи им се на тројцата ученици што Го следеле, што ги замолил Господ и зошто? Марко 14:33,34.**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

„(Целта на сатаната) беше да го доведе беззаконието до такво ниво што откупот на човечкиот род да изгледа сосема невозможен. Така, кога Синот Божји ќе се обиде да го спаси изгубениот свет, да биде целосно скршен од тежината на проклетството на гревот. Непријателот, постапувајќи внимателно и лукаво, Му ја претстави тежината на гревот толку голема, што Му нанесе длабока болка. Исус почувствува дека не може да остане во близина на ниту едно човечко суштество. Не сакаше ниту Неговите ученици да бидат сведоци на Неговата агонија додека длабоко размислуваше за бедата и несреќата на светот. Дури ни Неговите најблиски ученици не смееја да бидат со Него. Мечот на правдата беше изваден од корицата, и Божјиот гнев против беззаконието падна врз Неговиот Заменик – Исус Христос, Единородниот од Отецот.“ — *SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], том 5, стр. 1102, 1103.*

**а. Која била суштината на првата Христова молитва во Гетсиманија? Марко 14:35,36.**

„Христос сега се наоѓал пред нив во положба во која никогаш порано не Го виделе. Неговите страдања најдобро можат да се опишат со зборовите на пророкот: ‘Разбуди се, О мечу против Мојот пастир, против човекот кој е Мој ближен, вели Господ над војските’. (Захарија 13:7) Како замена и гаранција за грешниот човек, Христос страдал под божествената правда. Видел што значи правдата. До тогаш Тој бил како посредник за другите; сега копнеел по тоа некој Нему да му биде посредник.

Чувствувајќи дека Неговата врска со Таткото е прекината, Тој стравувал дека во човечка природа нема да биде во состојба да ја издржи претстојната борба со силите на темнината. Во пустината на искушението, на почетокот на Неговата мисија, се решавала судбината на човечкиот род. Тогаш Христос победил. Сега искушувачот дошол на последниот страшен двобој. Тој се подготвувал за тој момент во текот на тригодишната Христова служба. Сега вложил во тоа сè. Ако овде претрпи неуспех, сета негова надеж дека ќе стекне власт над овој свет би била уништена, царствата на светот на крај би станале Христови, а самиот тој би бил совладан и отфрлен. Кога Христос би бил победен, Земјата би станала царство на сатаната и човечкиот род засекогаш би бил под негова власт. Христос знаел што е предмет на судирот што му претстои и помислата дека е одвоен од Бога му ја исполнувала душата со ужасен страв. Сатаната му зборувал дека доколку стане гаранција за грешниот свет, тоа одвојување ќе биде вечно. Со тоа Тој би се поистоветил со поданиците на сатанското царство и никогаш повеќе нема да биде едно со Бога.“ — *Копнежот на вековите, стр. 686, 687.*

**б. Враќајќи се по молитвата исполнета со агонија, во каква состојба ги затекна Исус Своите ученици? Каков укор им упати Тој? Марко 14:37,38.**

„Подигајќи се со болен напор, Тој дошол до местото каде што ги оставил Своите придружници, но ‘ги нашол како спијат’. Кога би ги нашол како се молат, би Му олеснило. Кога би барале засолниште во Бога, за да не ги совлада сатаната со својата сила, нивната постојаност во верата би Му овозможила утеха. Меѓутоа, тие не ја послушале Неговата повторена опомена: ‘Бдејте и молете се’. На почетокот биле загрижени кога го виделе својот Учител, Кој вообичаено бил толку мирен и достоинствен, како се бори со тага, која им била несфатлива. Се молеле кога ги слушнале Неговите болни извици. Немале намера да го напуштат својот Господ, но биле парализирани од тапоста која можеле да ја отфрлат, доколку продолжиле да Му се молат на Бога. Не ја сфатиле неопходноста од стражарење и од понизна молитва, за да им се спротивстават на искушенијата.“ — *Копнежот на вековите, стр. 688.*

**а. Која била втората Христова молитва и што правеле учениците тогаш? Матеј 26:42,43. Кое пророштво тогаш се исполнило? Исаија 52:14.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„Малку пред тоа, Исус стоел како еден силен кедар, спротивставувајќи и се на бурата од нападите на разбеснетите противници. Упорно и со срце полно со злоба и подлост, тие попусто се труделе да Го збунат и совладаат. Стоел во божествено величество како Божји Син. Сега бил како трска која е шибана и свиткувана од жестоките налети на бурата. Се приближувал кон крајот на Своето дело како Победник, бидејќи на секој чекор стекнувал победа над силите на темнината. Како Оној, Кој веќе е прославен, Тој тврдел дека е едно со Бога. Неговиот глас не треперел кога издигнувал фалбоспеви. На Своите ученици им кажувал зборови на охрабрување и нежност. Сега дошол часот на силите на темнината. Сега во тивкото ветерче на ноќта можел да се препознае Неговиот глас, но не со триумфален призвук, туку полн со човечка агонија.“ — *Копнежот на вековите, стр. 689, 690.*

**б. На кој начин беше утешен Синот Божји во тој критичен час? Лука 22:43. Со кои зборови Исаија ја прорекол Христовата агонија и утеха? Исаија 53:11.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„Во таа страшна криза, кога сè било во прашање, кога таинствената чаша треперела во рацете на Страдалникот, небото се отворило и сноп блескава светлина се пробила низ бурната темнина во тој критичен момент и пред Христа застанал силен ангел, кој стои во Божјо присуство и кој ја зазел положбата од која паднал сатаната. Ангелот не дошол да јаземе чашата од Христовата рака, туку да Го охрабри да ја испие, уверувајќи Го во љубовта на Таткото. Дошол да му подари сила на божествено-човечкиот Молител. Му го покажал отвореното небо, зборувајќи му за душите што ќе бидат спасени со Неговите страдања. Го уверувал дека Неговиот Татко е поголем и помоќен од сатаната и дека царството на овој свет ќе им биде дадено на светците на Севишниот. Му рекол дека ќе го види трудот на Својата душа и ќе биде задоволен, зашто ќе види мноштво од човечката раса спасени, вечно спасени.“ — *Копнежот на вековите, стр. 693, 694.*

**а. Кој ја предводеше групата што го уапси Исус? Јован 18:2-5.**

---

**б. Што се случило со разјарената толпа кога Исус им се открил? Јован 18:6.**

---

„Кога Исус истапил да го сретне Својот предавник, на Него веќе не се гледала ниту трага од агонијата што ја преживеал пред неколку моменти. Стоејќи пред Своите ученици, Тој прашал: 'Кого го барате?' Тие одговорија: 'Исуса од Назарет'. Исус одговорил: 'Јас сум'. Кога биле изговорени тие зборови, ангелот кој пред малку време му служел на Исуса, истапил меѓу Него и толпата. Божествена светлина го осветлила лицето на Спасителот и над Него се надвила сенка во облик на гулаб. Крвожедното мноштво не издржало ниту миг во присуство на таа божествена слава. Тие затетеравено се повлекле. Свештениците, старешините, војниците, па дури и Јуда, паднале како мртви на земјата.

Ангелот се повлекол и светлината полека исчезнала. Исус имал можност да побегне, но останал, мирен и присебен. Стоел прославен сред тие закоравени луѓе, кои немоќно лежеле пред Исусовите нозе. Учениците набљудувале занемени од чудење и стравопочит." — *Копнежот на вековите, стр. 694.*

**в. Како предавството на Јуда влијаеше на толпата и како Петар погрешно ја протолкувал кроткоста на Исус? Јован 18:7-10; Лука 22:47-50.**

---

„Гледајќи како Јуда го допира лицето кое само неколку мига пред тоа било прославено пред нивните очи, толпата се охрабрила. Го фатиле Исуса и почнале да ги врзуваат тие драгоцени раце, кои секогаш биле ангажирани да прават добро.

Учениците мислеле дека нивниот Учител нема да дозволи да Го совладаат. Истата сила што ги соборила овие луѓе на земја и тие паднале како мртви, можела да ги направи немоќни додека Исус и Неговите следбеници не побегнат. Биле разочарани и огорчени, кога виделе како прогонувачите земаат јажиња за да ги врзат рацете на Оној, Кого тие го љубеле. Во својот гнев, Петар брзоплето го извлекол мечот и се обидел да го одбрани својот Учител, но само успеал да му го пресече увото на слугата на првосвештеникот." — *Копнежот на вековите, стр. 696.*

## 5. ЌЕ ГАЗИ САМ ВО КАЦАТА

Чет, 18. сеп

**а. Опишете ја трпеливата љубов што ја покажал Исус во моментот на Своето апсење. Матеј 26:51-53; Лука 22:50,51.**

---

„Кога учениците виделе како напаѓачите вооружени со колци и мечеви брзо испопаѓале, повторно ги обзела надеж. И кога гонителите се подигнале на своите нозе и повторно го опколиле Божјиот Син, Петар замавнал со меч и му го отсекол увото на еден од слугите на првосвештеникот. Но Исус му наредил да го врати мечот на своето место, додавајќи: ‘Мислиш дека не можам да Го помолам Мојот Татко, и Тој ќе Ми испрати веднаш повеќе од дванаесет легии ангели?’ (Матеј 26:53). Видов дека и лицата на ангелите се осветлија со надеж кога Исус ги изговорил тие зборови. Тие копнееле да го оградат својот Заповедник и да го растераат тој гневен џган. Но повторно ги обзела тага кога Исус додал: ‘Но, како би се исполниле Писмата, ако ова биде?’ (Матеј 26:54). Срцата на учениците потонале во очај и горко разочарување кога виделе дека Исус им дозволува на своите непријатели да Го одведат.

Плашејќи се за својот живот, учениците сите до еден го напуштиле Учителот и побегнале. Исус останал сам во рацете на убиствената толпа. Колку ли само бил радосен сатаната во тие мигови! А колку ли болка и тага им задавало тоа на Божјите ангели! Многу чети на свети ангели, секоја предводена од висок ангел заповедник, биле испратени да бидат сведоци на овој настан. Тие имале за задача да ја запишат секоја свирепост и секоја навреда што му биле нанесени на Божјиот Син, како и секоја болка и страдање што Тој морал да ги понесе во таа состојба, затоа што истите луѓе што учествувале во тој страшен настан ќе мораат еден ден повторно да гледаат жив приказ на сето тоа.“ — *Рани списи, стр. 167, 168.*

**б. Што треба да научат сите што тврдат дека веруваат во Христос од опомената што Господ му ја упатил на Петар? Јован 18:11; 1. Јованово 3:15.**

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Пет, 19. сеп

1. **Кое Христово барање до учениците е особено важно за мене?**
2. **Како треба искуството на Господ во Гетсиманија да влијае врз мене?**
3. **На кој начин можам да избегнам да реагирам слично како Петар при апсењето на Исус?**
4. **Кој беше главниот причинител на Христовата агонија?**
5. **Како реагирало мноштвото пред славата на ангелот?**

# Симон Петар

„И рече Господ: ‘Симоне, Симоне, ете, сатаната посака да ве сее како пченица; но Јас се молев за тебе за да не се изгуби твојата вера; а ти кога еднаш ќе се обратиш, укрепи ги браќата свои’“ (Лука 22:31, 32).

**Предлагаме да прочитате:** *Сведоштва за црквата, том 5, стр. 331–336.*

„Петар паднал затоа што бил самоуверен, но неговото покајание и неговата понизност придонеле повторно да се зацврстат неговите стапки.“ — *Христовите поуки, стр. 155.*

## 1. ПЕТРОВИОТ КАРАКТЕР

Нед, 21. сеп

**а. Кога Симон првпат дошол кај Исус, што му рекол Учителот? Јован 1:42. Што знаеме за карактерот на Петар пред неговото обраќање?**

________________________________________________________

________________________________________________________

„Христовиот поглед почивал врз него (Петар), читајќи го неговиот карактер и историјата на неговиот живот. Неговата избувлива природа, неговото срце полно со љубов и чувства, неговите амбиции и самодоверба, историјата на неговиот пад, неговото покајание, неговата работа и неговата маченичка смрт сето тоа Спасителот го прочитал.“ — *Копнежот на вековите, стр. 139.*

„Петар бил слаб токму во она во што сметал дека е силен и сè додека не ја увидел својата слабост, не можел да ја разбере својата потреба да се надева во Христа.“ — *Копнежот на вековите, стр. 382.*

**б. И покрај неговите недостатоци, каков повик му упатил Исус на Петар? Матеј 4:18,19.**

________________________________________________________

________________________________________________________

„На Исаија му била доверена божествената вест дури откако, здогледувајќи ја Божјата светост, ја сфатил сопствената недостојност. Петар го примил повикот да работи за Христа, дури откако бил наведен да се откаже од себеси и да се потпре на божествената сила.“ — *Копнежот на вековите, стр. 246.*

**а. Кој факт открива дека Петар бил погрешлив како и секој друг човек, дури и по крштавањето со Светиот Дух на денот на Педесетница? Галатјаните 2:11-14.**

---

„Петар ја задобил довербата на многу верници. Извесно време постапувал според светлината што му била дадена од небото. Во толкава мера ги совладал своите природни предрасуди, што седел на заедничка трпеза со обратениците од незнабоштво. Меѓутоа, кога дошле некои Евреи од Ерусалим, кои ревнувале за обредниот закон, Петар несмасно го променил своето однесување кон обратениците од незнабоштво. Некои Евреи 'со него се двоеја ... така што нивното лицемерство го заведе и Варнава'. Тој знак на слабост кај оние што биле сакани и почитувани како водачи оставил мошне мачен впечаток врз душите на верниците од незнабожечко потекло. На црквата ѝ се заканила опасност од отворен расцеп." — *Делата на апостолите, стр. 198.*

**б. Која поука можеме да ја извлечеме од грешката на Петар и неговото враќање на вистинскиот пат? Псалм 145:14.**

„Петар ја увидел заблудата во која паднал и веднаш, колку што било тоа во негова моќ, настојувал да го отстрани ова нанесено зло. Бог, кој од почеток го знае крајот, дозволил да се покаже таа слабост во карактерот на Петар со цел проверениот апостол да увиди дека во него нема ништо со што би можел да се пофали. Дури и најдобрите луѓе, ако се препуштени сами на себе, прават грешки во расудувањето. Бог исто така видел дека во свое време некои ќе бидат во толкава мера заведени, што на Петар и на неговите божемни наследници ќе им припишуваат возвишеност и прерогативи што му припаѓаат исклучиво на Бога. И тој запис за слабоста на апостолот останува како доказ за неговата погрешност и за фактот дека тој во никој случај не бил над другите апостоли.

Историјата за тоа отстапување од вистинските начела претставува сериозна опомена за луѓето што се наоѓаат на одговорни положби во Божјото дело никогаш да не попуштат во врска со чесноста и искреноста, туку цврсто да се држат за начелата. Колку поголеми одговорности му се доверени на едно човечко орудие, колку е поголема неговата положба и можноста да заповеда и да контролира, толку поголеми штети ќе направи ако не се придржува внимателно кон Господовиот пат и ако не постапува сообразно со одлуките усвоени на соборот на верниците на црквата." — *Делата на апостолите, стр. 198, 199.*

## 3. ПЕТАР НЕ Е ТЕМЕЛОТ НА ЦРКВАТА

Вто, 23. сеп

**а. Што рекол Исус за темелот на црквата? Матеј 16:16-19.**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

„Вистината што ја искажал Петар претставува темел на верата на верникот. Тоа е она за што Христос кажал дека е вечен живот. Сепак поседувањето на тоа знаење не било причина за самопрославување. Тоа не му се открило на Петар заради неговата сопствена мудрост или добрина. Човекот никогаш не може со сопствени сили да дојде до сознание за божественото...

Зборот Петар значи камен, камен што се тркала. Петар не бил карпата на која е втемелена црквата. Портите на пеколот го надвладеале, кога со клетви и пцовки се откажал од својот Господ. Црквата е изградена врз Оној, Кого портите на пеколот не можеле да го надвладеат.“ — *Копнежот на вековите, стр. 412, 413.*

**б. Слично на Петар, што изјавиле другите пророци и апостоли за вистинскиот темел на црквата? Исаија 28:16; 1. Коринтјаните 3:11; 1. Петрово 2:3-6.**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

„Во присуство на Бога и сите небесни суштества, во присуство на невидливите војски на пеколот, Христос ја основал Својата црква врз живата Карпа. Карпата е самиот Тој Неговото тело, мачено и рането заради нас. Портите на пеколот не можат да ја надвладеат црквата соѕидана на овој темел... Верата се темели на Христа во текот на шест илјади години. Шест илјади години поплавите и виорот на сатанскиот гнев навалуваат на Карпата на нашето спасение, но таа останала цврста.

Петар ја изговорил вистината која претставува темел на верата на црквата и Исус му укажал чест како на претставник на сите верници. Тогаш Христос рекол: ‘Тебе ќе ти ги дадам клучевите од небесното царство, па сѐ што ќе сврзеш на Земјата, ќе биде сврзано и на небесата, а сѐ што ќе разврзеш на Земјата, ќе биде разврзано и на небесата’.

‘Клучеви од небесното царство’ тоа се Христовите зборови. Сите зборови на Светото Писмо се Негови и се опфатени со ова. Тие зборови имаат сила да го отворат и затворат небото.“ — *Копнежот на вековите, стр. 413.*

**а. Опишете ја најголемата карактерна мана на Петар. Марко 14:27-29.**

---

„За секоја од овие две групи, претставени со фарисејот и цариникот, во извештајот за животот на апостол Петар се крие важна поука. Во првите денови од своето учеништво, Петар себеси се сметал за силен. Како и фарисејот, според своја проценка тој 'не бил како другите луѓе'... Петар не знаел каква опасност му се заканува. Самоуверeноста го завела. Сметал дека сам е способен да му се противстави на искушението; но за неколку часа настапила проверка и тој, заколнувајќи и преколнувајќи, се откажал од својот Господ." — *Христовите поуки, стр. 152.*

**б. Како се однесувал Исус кон овој самоуверен ученик? Лука 22:31,32.**

„Кога кукуригањето на петелот го потсетило на Христовите зборови, изненаден и вчудовиден со она што тукушто го сторил, се свртел и го погледнал својот Учител. Во тој миг и Исус го погледнал Петра, и тој жалосен поглед, во кој се мешало сочувство и љубов, му помогнал на Петар да се сфати себеси. Излегол и леел горчливи солзи. Тој Христов поглед му го скршил срцето. Се нашол на пресвртница и длабоко се покајал за својот грев. Бил сличен на цариникот во својата понизност и во своето каење, и како и цариникот, добил милост. Христовиот поглед го уверил дека му е простено.

Тогаш исчезнала неговата самоувереност. Никогаш веќе не се повториле старите фаленички изјави." — *Христовите поуки, стр. 152–154.*

**в. Откако воскреснал, што го прашал Исус Петар? Јован 21:15-17. Зошто Исус го повторил тоа трипати и како одговорил Петар? Лука 22:31,32.**

---

„[Петар] Го обесчестил Христа и предизвикал недоверба кај своите браќа. Тие мислеле дека нема да му биде дозволено да ја заземе својата поранешна положба меѓу нив и самиот тој чувствувал дека ја изиграл својата доверба. Пред да биде повикан повторно да ја преземе својата апостолска должност, тој пред сите морал да даде доказ за своето покајание. Без тоа, неговиот грев, иако се покајал поради него, би можел да го уништи неговото влијание како Христов слуга. Спасителот му пружил можност повторно да ја стекне довербата на своите браќа и колку што е можно, да го отстрани срамот што му го нанел на евангелието." — *Копнежот на вековите, стр. 811.*

## 5. ПОТВРДЕН ВО СЛУЖБА

Чет, 25. сеп

**а. Наведете некои од клучните карактеристики на апостолскиот повик. Колосјаните 1:10,11; 3:12-14. Што можеме да научиме од начинот на кој Христос се однесувал кон Петар?**

„Евангелието никогаш не создава компромис со злото. Тоа не може да го оправда гревот. Тајните гревови мораат тајно да му се признаат на Бога; но за отворениот грев е потребно и отворено признавање. Срамот поради гревот на ученикот, се префрла на Христа. Поради тоа сатаната ликува, а колебливите души се сопнуваат. Давајќи доказ за своето покајание, ученикот, колку што е во негова моќ, треба да го отстрани овој срам." — *Копнежот на вековите, стр. 811.*

„Начинот на кој Спасителот постапил со Петар, претставувал поука и за него и за неговите браќа. Тоа ги научило со престапникот да постапуваат трпеливо, сочувствително и со љубов која простува. Иако Петар се откажал од својот Учител, љубовта со која Исус се однесувал кон него никогаш не се поколебала. Таква, токму таква љубов треба да чувствува секој потпастир кон овците и јагнињата доверени на негова грижа. Сеќавајќи се на своите слабости и пропусти, Петар требало да постапува нежно со своето стадо, исто толку нежно, како што Христос постапувал кон него.

Значајно било прашањето што Христос му го поставил на Петар. Тој споменал само еден услов за учениште и служба. 'Ме љубиш ли?' рекол Тој. Тоа е суштинска квалификација. Иако Петар можел да ги има сите други услови, без Христова љубов, не би можел да биде верен пастир на Неговото стадо. Знаењето, добродетелноста, речитоста, благодарноста и ревноста сите тие особини се од помош во добрата работа, но без Христовата љубов во срцето, работата на христијанскиот проповедник е промашена работа." — *Копнежот на вековите, стр. 815.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Пет, 26. сеп

1. **На кој начин и јас, како Петар, можам погрешно да го проценам својот карактер?**
2. **Како можам да ги избегнам карактерните слабости што ги покажал Петар?**
3. **Кои поуки можам да ги извлечам од падот и враќањето на Петар?**
4. **По Своето воскресение, зошто Христос морал на Петар да му постави директно прашање пред неговите браќа – и каква поука треба ние да извлечеме од тоа?**
5. **Објасни го темелот врз кој Христос ја основал Својата црква и дефинирај ги клучевите на небесното царство.**

*Белешки*

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

## Јули - 2025.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вторник | Матеј 20:20-23. | Коп. на век. 243. | Јоил 1:7-10. |
| 2. | Среда | Матеј 20:24-28. | Коп. на век. 244. | Јоил 1:11-14. |
| 3. | Четврток | Матеј 20:29-34. | Коп. на век. 245. | Јоил 1:15-20. |
| 4. | Петок | Матеј 21: 12,13. | Сонцето заоѓа во 20 12 | |
| 5. | Сабота | Дела 15:21,22. | Сонцето заоѓа во 20 11 | |
| 6. | Недела | Матеј 21:18-22. | Коп. на век. 246. | Јоил 2:1,2. |
| 7. | Понеделник | Матеј 21:23-27. | Коп. на век. 247. | Јоил 2:3-6. |
| 8. | Вторник | Матеј 21: 28-31. | Коп. на век. 248. | Јоил 2:10,11. |
| 9. | Среда | Матеј 21:33-37. | Коп. на век. 249. | Јоил 2:12-14. |
| 10. | Четврток | Матеј 21:38-41. | Коп. на век. 251. | Јоил 2:15-17. |
| 11. | Петок | Матеј 21:42-44. | Сонцето заоѓа во 20 09 | |
| 12. | Сабота | Дела 16:13,14. | Сонцето заоѓа во 20 08 | |
| 13. | Недела | 1 Петр. 2:5-8. | Коп. на век. 252. | Јоил 2:18,19. |
| 14. | Понеделник | Дела 4:10-12. | Коп. на век. 253. | Јоил 2:21-23. |
| 15. | Вторник | Даниел 2:34,35. | Коп. на век. 254. | Јоил 2:24-27. |
| 16. | Среда | Лука 20:14-18. | Коп. на век. 255. | Јоил 2:28-32. |
| 17. | Четврток | Матеј 22:1-6. | Коп. на век. 256. | Јоил 3:1,2. |
| 18. | Петок | Матеј 22:7-10. | Сонцето заоѓа во 20 05 | |
| 19. | Сабота | Дела 17:2-4. | Сонцето заоѓа во 20 04 | |
| 20. | Недела | Матеј 22:11-14. | Коп. на век. 257. | Јоил 3:9-11. |
| 21. | Понеделник | Матеј 22:15-21. | Коп. на век. 258. | Јоил 3:12-14. |
| 22. | Вторник | Матеј 22:35-40. | Коп. на век. 259. | Јоил 3:15,16. |
| 23. | Среда | Матеј 23:1-4. | Коп. на век. 260. | Јоил 3:17,18. |
| 24. | Четврток | Матеј 23:8-12. | Коп. на век. 261. | Амос 1:1,2. |
| 25. | Петок | Матеј 23:34-38. | Сонцето заоѓа во 19 59 | |
| 26. | Сабота | Дела 18:4-6. | Сонцето заоѓа во 19 58 | |
| 27. | Недела | Матеј 24:1-4. | Коп. на век. 262. | Амос 3:1-3. |
| 28. | Понеделник | Матеј 24:5-8. | Коп. на век. 263. | Амос 3:4-7. |
| 29. | Вторник | Матеј 24:9-13. | Коп. на век. 264. | Амос 4:11,12. |
| 30. | Среда | Матеј 24:20-22. | Коп. на век. 265. | Амос 5:8-10. |
| 31. | Четврток | Јован 8:56-59. | Коп. на век. 266. | Јов 38:31-38. |

# Август - 2025.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Петок | Матеј 24:29-31. | Сонцето заоѓа во 19 51 | |
| 2. | Сабота | Ерем. 17:21,22. | Сонцето заоѓа во 19 50 | |
| 3. | Недела | Матеј 24:31-35. | Коп. на век. 267. | 2 Кор. 3:17,18. |
| 4. | Понеделник | Матеј 24:36-41. | Коп. на век. 268. | 2 Кор. 4:3-5. |
| 5. | Вторник | Матеј 24:42-44. | Коп. на век. 269. | Амос 5:17-19. |
| 6. | Среда | Матеј 24:45-47. | Коп. на век. 270. | Амос 6:1-3. |
| 7. | Четврток | Матеј 24:48-51. | Коп. на век. 271. | Амос 8:1-3. |
| 8. | Петок | Матеј 25:1-6. | Сонцето заоѓа во 19 43 | |
| 9. | Сабота | Ерем. 17:24,25. | Сонцето заоѓа во 19 41 | |
| 10. | Недела | Матеј 25:7-10. | Коп. на век. 272. | Амос 9:8-10. |
| 11. | Понеделник | Матеј 25:11-13. | Коп. на век. 273. | Авдија 1:15. |
| 12. | Вторник | Матеј 25:14-18. | Коп. на век. 274. | Јона 1:1-5. |
| 13. | Среда | Матеј 25:19-23. | Коп. на век. 275. | Јона 1:6-10. |
| 14. | Четврток | Матеј 25:24-30. | Коп. на век. 276. | Јона 1:11-16. |
| 15. | Петок | Матеј 25:31-34. | Сонцето заоѓа во 19 33 | |
| 16. | Сабота | Лука 23:54-56. | Сонцето заоѓа во 19 32 | |
| 17. | Недела | Матеј 25:35-40. | Коп. на век. 277. | Јона 2:1-5. |
| 18. | Понеделник | Матеј 25:41-46. | Коп. на век. 279. | Јона 2:6-11. |
| 19. | Вторник | Марко 2:14-17. | Коп. на век. 280. | Јона 3:1-5. |
| 20. | Среда | Марко 3:1-5. | Коп. на век. 281. | Јона 3:6-10. |
| 21. | Четврток | Марко 3:9-15. | Коп. на век. 282. | Јона 4:1-4. |
| 22. | Петок | Марко 3:31-35. | Сонцето заоѓа во 19 22 | |
| 23. | Сабота | Дела 13:44-46. | Сонцето заоѓа во 19 21 | |
| 24. | Недела | Марко 4:10-13. | Коп. на век. 283. | Јона 4:6-11. |
| 25. | Понеделник | Марко 4:14-19. | Коп. на век. 284. | Михеј 1:1-14. |
| 26. | Вторник | Марко 4:26-29. | Коп. на век. 285. | Михеј 2:1-3. |
| 27. | Среда | Марко 4:30-34. | Коп. на век. 286. | Михеј 2:12,13. |
| 28. | Четврток | Марко 4:36-41. | Коп. на век. 287. | Михеј 3:5-7. |
| 29. | Петок | Марко 5:18-20. | Сонцето заоѓа во 19 11 | |
| 30. | Сабота | Матеј 28:1-4. | Сонцето заоѓа во 19 09 | |
| 31. | Недела | Исаија 53:1-6. | Коп. на век. 288. | 2 Кор. 5:17-21. |

# Септември – 2025.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Понеделник | Марко 6:7-11. | Коп. на век. 289. | Михеј 4:1,2. |
| 2. | Вторник | Марко 6:30-34. | Коп. на век. 290. | Михеј 4:3-5. |
| 3. | Среда | Марко 6:35-40. | Коп. на век. 291. | Михеј 4:6-8. |
| 4. | Четврток | Марко 6:41-47. | Коп. на век. 292. | Михеј 5:7,8. |
| 5. | Петок | Марко 6:48-51. | Сонцето заоѓа во 18 59 | |
| 6. | Сабота | Марко 16:1-5. | Сонцето заоѓа во 18 58 | |
| 7. | Недела | Марко 6:53-56. | Коп. на век. 293. | Михеј 6:1-5. |
| 8. | Понеделник | Марко 7:5-7. | Коп. на век. 294. | Михеј 6:6-8. |
| 9. | Вторник | Марко 7:20-23. | Коп. на век. 295. | Михеј 7:1-4. |
| 10. | Среда | Марко 7:32-37. | Коп. на век. 296 | Михеј 7:5-9. |
| 11. | Четврток | Марко 8:22-26. | Коп. на век. 297. | Мат. 10:32-36. |
| 12. | Петок | Марко 8:27-31. | Сонцето заоѓа во 18 47 | |
| 13. | Сабота | Дела 13:22-26. | Сонцето заоѓа во 18 45 | |
| 14. | Недела | Марко 8:34-38. | Коп. на век. 298. | Михеј 7:18-20. |
| 15. | Понеделник | Марко 9:1-4. | Коп. на век. 299. | Наум 1:1-5. |
| 16. | Вторник | Марко 9:5-9. | Коп. на век. 300. | Наум 1:6-9. |
| 17. | Среда | Марко 9:10-13. | Коп. на век. 301. | Наум 2:1-5. |
| 18. | Четврток | Јован 9:19-27. | Коп. на век. 302. | Наум 3:1-3. |
| 19. | Петок | Јован 9:28-32. | Сонцето заоѓа во 19 35 | |
| 20. | Сабота | Псалм 17:5-8. | Сонцето заоѓа во 19 33 | |
| 21. | Недела | Јован 9:33-41. | Коп. на век. 303. | Авак. 1:1-5. |
| 22. | Понеделник | Марко 9:38-40. | Коп. на век. 304. | Авак. 1:12,13. |
| 23. | Вторник | Марко 9:41-43. | Коп. на век. 305. | Авак. 2:1-4. |
| 24. | Среда | Марко 9:47-50. | Коп. на век. 306. | Авак. 2:11-14. |
| 25. | Четврток | Марко 10:13-16 | Коп. на век. 307. | Авак. 3:1-4. |
| 26. | Петок | Марко 10:17-20 | Сонцето заоѓа во 19 23 | |
| 27. | Сабота | Псалм 19:7-11. | Сонцето заоѓа во 19 21 | |
| 28. | Недела | Марко 10:21-24 | Коп. на век. 308. | Авак. 3:10-13. |
| 29. | Понеделник | Марко 10:26-31 | Коп. на век. 309. | Авак. 3:17-19. |
| 30. | Вторник | Дела 8:20-24. | Коп. на век. 310. | Ис. 61:10,11. |

# Дарови во првата сабота




## Сабота, 5. јули

### За црквата во Аруе, Тахити

Колку е важно овој далечен остров во Тихиот Океан да има светилник за Бога! (види стр. 4).



## Сабота, 2 август

### За воспитниот оддел на ГК

Ефикасните млади мисионери мора да се едуцираат. Ајде да продолжиме со подготовка на нивната наставна програма. (види стр. 25).




## Сабота, 6 септември

### За школата во градот Махоко, Руанда

Да се заштитат и образуваат децата да бидат верни мисионери за Господа (види стр. 51).